    - Основни приоритети на оваа задача е позитивниот однос кон работата, негување и одржување на заедничкото, почитување на човечкиот труд, средствата за производство како и резултатите од вложениот труд.Преку реализиција на активностите, учениците треба да се стекнат со основни знаења, навики и нивна примена во производствените и другите општествено-корисни работи, одржување на хигиената во училиштето и во неговата околина.Активностите ја поттикнуваат хуманоста и солидарноста кај учениците и подигање на еко свест кај учениците.Се доставува план за организирање на базари, хепенинзи, хуманитарни настани по повод Денот на училиштето или други одбележувања, одбележување на празниците според календарот, со јасно дефинирани содржини, време на реализација и задолжени за

реализација и супервизија во која задолжително има претставници од советот на родители. Се наведуваат кои општествено хуманитарни работи ќе ги организира односно поддржи училиштето и кои се одговорните лица.

## 12. Поддршка на ученици

- ***Постигнување на учениците***

Наставниот кадар во нашето училиште води редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици кои достојно го претставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од БРО, Федерација за училишни спортови на Македонија и други друштва од земјата. Евиденција се води и поодделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од наставниците во училиштето. Постигањата на учениците се составен дел на извештаите за успех кои редовно се следат и се бележат, и се прават споредбени резултати, а истиот начин на работа ќе продолжи и оваа учебна година. Анализата на постигнатите резултати по паралелки и години ќе ја прават стручните активи и оттаму ќе произлезат конкретни активности за нивно подобрување.

- ***Превентивни програми*** (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа)

Учениците учествуваат во разни активности во соработка со МВР, а воедно тимови од МВР за учениците од 2 и 4 одделение вршат обука за „Однесување на учениците во сообраќајот“. Во училиштето функционира Тим за ненасилна комуникација, во состав на стручната служба, ученици За „Болестите на зависност“ одделенските раководители и раководителите на паралелки на одделенските часови реализираат работилници од програмата за Животни вештини со помош на стручната служба и други стручни лица. Идентификацијата на учениците кои имаат проблеми со зависност, се врши во соработка со стручната служба и се превземаат мерки за нивно надминување. Идентификацијата на учениците кои имаат асоцијално однесување се врши во соработка со стручната служба и потоа се превземаат мерки за нивно надминување преку советување на учениците и родителите, известување до педагошката служба во МОН. Стручната служба остварува соработка со Центарот за социјални грижи, МВР, Заводот за ментално здравје-Скопје, Детска клиника и социјалните служби во општина Шуто Оризари.

- Ќе продолжиме со спроведување на програмите за ,,Превенција од насилно однесување во училиштето,, ; ,,Превенција од трговија со луѓе,, како посебни проектни активности и содржини.
- Во рамките на редовната настава, училиштето планира и активности надвор од училиштето, како посети на институции, објекти, знаменитости. Во оваа активност ќе ги вклучиме и родителите преку Советот на родители да дадат придонес , зависно од своите можности.

***Безбедност во училиштето*** - Целта на безбедноста во училиштето е :

- Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.
- Направен е план за евакуација во случај на непогода и истиот ќе се реализиран со исцртување на стрелки за движење во ходниците.
- Избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените.

***Позитивна социо-емоционална клима***

Подигањето на свесноста за сопственото функционирање и функционирањето на другите субјекти во училиштето е најзначаен елемент во формирањето на позитивна социо-емоционална клима и со оглед на тоа треба да и се посвети големо внимание. Училиштето се грижи за учениците од ранливите групи кои имаат социјални потешкотии преку обезбедување на хуманитарни акции за храна и облека. За учениците со емоционални потешкотии стручната служба во училиштето заедно со наставниците работат за надминување на проблемите преку индивидуални средби, разговори и состаноци со ученици, наставници и родители. Училиштето негува почитување на личноста, слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите, еднаквост и правичност, и без предрасуди во однесувањето.

## 13. **Грижа за здравјето**

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот.

- *Хигиена во училиштето*

  Хигиената во училиштето ќе се одржува како и досега од страна на техничкиот персонал, но со активно ангажирање и залагање на сите вработени. За таа цел постои протокол за одржување на хигиената во училниците, ходниците и училишниот двор.

  Значајна улога ќе одиграат одделенските раководители и сите останати наставници, преку постојано укажување на учениците за значењето на хигиената и преку активности за градење на хигиенски навики кај учениците. Исто така не помалку значајна улога треба да превземат и родителите во јакнењето на личната хигиена кај учениците.

- *Систематски прегледи*

  Систематските прегледи ќе се одржуваат согласно програмата на Министерството за здравство, а училиштето ќе помогне за реализација на истата. Со систематски преглед ќе бидат опфатени учениците од прво, трето и седмо одд. Во одделенска и предметна настава паралелките ќе ги придружуваат нивните наставници.

- *Вакцинирање*

  Вакцинирањето на учениците исто така ќе се врши согласно програмата на Министерството за здравство и тоа во амбулантата во нас. Шуто Оризари. Со вакцинирање ќе бидат опфатени учениците од следните одд. : прво, второ, шесто и осмо одд.

- *Едукација за здрава исхрана*

  Ваква едукација ќе вршат наставниците преку теми и содржини интегрирани во наставниот план и програма и одд. раководители преку темите за часовите на одделенските заедници и од програмата за животни вештини.

  Активностите од кампањата ,,Здрава храна за детство без маана,, ќе ги продолжиме и оваа учебна година со тоа што ќе се стави акцент на значењето на лековитите растенија, нивно собирање , чување и употреба.

## 14. **Училишна клима и односи во училиштето**

- *Дисциплина*

Дисциплината во училиштето ќе се одржува со активно учество на сите субјекти, а со доследно спроведување на Кодексот на однесување на ученици, наставници, родители и други вработени. Во училишните ходници и во училишниот двор за време на целиот наставен ден ќе биде организирано дежурство од наставници и ученици. Дежурството на наставниците ќе го изработиме според распоредот на часови, во текот на првата недела од учебната година и ќе биде истакнат во наставничката канцеларија. Резултатите од дежурството ќе се евидентираат во посебни тетратки.

Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници

- *Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето-*

Во уредување и одржување на просторот во училиштето и дворот ќе учествуваат сите субјекти. Секој одделение пред својата училница ќе го уредува паното според потребите и наставните содржини, а останатиот дел од училишните ѕидови, како и холот ќе го одржуваат членовите на ликовната и литературната секција со предметните наставници по ликовно образование и македонски јазик.

При организирање на одредени активности во училиштето уредувањето на просторот ќе биде одговорност на наставниците кои ги организираат истите.

- *Етички кодекси*

Етичкиот кодекс ќе биде оформен во текот на првото тримесечие, ќе ги опфати сите субјекти во училиштето, а во таа активност ќе учествува стручната служба, директорот и по двајца наставници од одделенска и предметна настава.

- *Односи меѓу сите структури*

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него(Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него.Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување.Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и

соработка , вработените во училиштето, како и досега,ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод: Ден на училиштето ,Нова година , Ден на жената , Ден на шегата, Екскурзии за учениците и наставниците. Оваа учебна година посебно внимание ќе се посвети на прослава на верските празници : Велигден, Курбан Бајрам во рамките на Проектот за меѓуетничка нтеграција во образованието".

## 15. **Професионален развој на образовниот кадар**

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот.Тимот за професионален развој на образовниот кадар направи анкета за професионалната подготовка и стручност на наставниот кадар во која наставниците ги изнесоа своите потреби од дополнителни обуки. Тимот за професионалнот развој на образовниот кадар во нашето училиште го сочинуваат:

Председател на тимот: Милка Тримчевска
Заменик председател на тимот: Христина Брајкоска
Членови: Лоренса Демир, Елена Алуловска, Елена Јакимовска, Емилија Тасевска-Петковска
Стручна служба и директорот

- ***Детектирање на потребите и приоритетите***

Потребите на наставниците за професионален развој ќе се утврдуваат на првите состаноци на стручните активи во месец Септември.

Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисиминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи.

Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите.

- ***Активности за професионален развој***

Училиштето ќе организира најразлични работилници, обуки и семинари кои ќе понудат активности со цел стручно усовршување на наставниците и стручната служба. Притоа се изготвуваат и акциони планови, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или проекти, се поднесуваат извештаи, а исто така се врши и евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите запонатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој. Тука значаеан дел земаат советувањата истручните подготовкиод страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручниинституции од областа на воспитно- образовниотпроцес, но и училиштето кое самостојно спроведува интерно стручно усовршување на образовниот кадар.

- ***Личен професионален развој***

Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето подразбираследење на наставниците како и нивно вреднување преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Во личен професионален развој вклучено е имотивирањето на наставниците во насока на учество на обуки и семинари, добивањесертификати и слично. Меѓу другото, тука се вбројува и посетата на конференции, средби од регионален или државен карактер, како и свои пишани и објавени текстови и статии во стручна литература. Секој наставник и стручна служба изготвува свој личен план за професионален развој според одредени стандарди и компетенции.

- ***Хоризонтално учење***

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионаленразвој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалнотостекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручнатаслужба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отвореничасови. Во тој поглед училиштето треба да подготви акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

- ***Тимска работа и училишна клима***

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворенатакомуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста.Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар ќе опфатиоспособување на наставниците за реализација на новите програмски содржини коидоаѓаат како резултат на општествените промени, новите научни достигнувања, новите планови и програми од прво до деветто одделение (Cambridgeпрограми ) и сл. За таа цел училиштето во текот на целата учебна година ќе се грижи запрофесионалниот развој на наставниците и ќе се залага за нивно активно учество на

работилници, обуки и семинари.Сите овие предвидени активности ќе се реализираат во согласност со потребите ибарањата на училиштето и образовниот кадар во текот на учебната година.

## 16. Вклученост на семејствата во училиштето

- ***Во животот и работата на училиштето***

Родителите/старателите се вклучени во работата на училиштето преку Советот на родители. Во Советот на родители членуваат претставници-родители од сите одделенија во училиштето. Промената на членовите се врши секој септември кога на родителските средби се избираат членовите за во Советот на родители. Советот на родители преку својата програма за работа дава предлози и идејни решенија за соодветни потешкотии во работата, го следи преку извештаите напредокот на училиштето. Родителите/старателите за секое случување во училиштето, постигнувањата на учениците се известуваат преку родителските средби, приемните денови на наставниците и отворените денови. Преку брошура родителите/старателите се известуваат за најважните активности планирани во годишната програма за работа на училиштето.

Преку програмата за советување родители на ученици кои покажуваат несоодветно однесување, кои имаат три и повеќе негативни оценки по постигувањата и успехот и кои имаат десте и повеќе неоправдани изостаноци и над 100 оправдани стручните соработници остваруваат едукација и советување

- ***Во процесот на учење***

Родителите постојано ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма, како и самиот наставен процес на различни начини:

- преку Советот на родители
- преку групни и индивидуални средби со наставници
- преку стручната служба на училиштето
- преку Е-дневникот

Со тоа ќе им се даде можност навреме да бидат информирани и навреме да делуваат по прашањето на успехот и поведението на своите деца.Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено и кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата.

- ***Во активностите во училиштето***

Ќе бидат земени во предвид дадените предлози од страна на родителите, во однос на учество на разни манифестации (продажни, изложбени и собирни акции во училиштето) како помошници во изработка на производи зависно од темата , промоции, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со наставниот план и програми.

- ***Во донесување одлуки***

Како членови на органите на училиштето активно ќе учествуваат во давање предлози за донесувањето одлуки во врска со изведување екскурзии, опременост на училиштето, организирање презентации, трибини на теми интересни за учениците и родителите, уредување на училишниот простор и сл.

- ***Едукација на семејството***

Ќе бидат организирани едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на Советување на родители, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер

- ***Изработка на брошура за родители***

Со формирање на тим од родители, наставници и стручна служба ќе се изработи брошура за родители

## 17. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

- ***Локална заедница*** (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население..)

Соработката со локалната заедница ќе се остварува преку повеќе форми на работа, електронски, усно и ќе пристапиме кон реализирање на активностите кои ќе ги понуди истата. Во прилог на оваа програма има и програма за соработка со локалната средина и заедница.

- ***Институции од областа на културата***

Сите конкурси и покани за натпревари кои стигнуваат во нашето училиште, ќе бидат доставени до одговорните наставници и истите ќе бидат спроведени преку учество на учениците.

Ликовните и литературните изложби, споменици и други установи ќе бидат посетени според потребите на наставата и по избор на предметниот или одделенски наставник.

Кино и театарските претстави ќе ги организираме исто така според потребите на наставата со избор на кино или театарска претстава од страна на одговорните наставници и соодветно на возраста на учениците.

Сите овие активности се вградени во програмите на стручните активи.

- ***Институции од областа на образованието***

Континуирано во текот на целата учебна година ќе се одвива соработка со :

- БРО, МОН, Секторот за основно образование како дел на општината заради непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, помош во работењето исл.
- Детските градинки во кругот на нашата населба, заради превземање ученици за прво одд.
- Основните училишта од општината и пошироко, заради размена на информации и искуства и взаемна помош во работата.
- Средните училишта од општината и пошироко, особено каде што има запишано наши ученици, заради следење на учениците кои учеле во нашето училиште, потврда за запишување, одредени проблеми кај некои ученици и сл.
- Факултети, заради стручно усовршување, организирање натпревари, семинари, советувања.
- Инспекторат за основно образование, заради утврдување на правилноста во работењето.
- Стручната служба стручно се усовршува во заеднички работни состаноци на ниво на град Скопје.

- ***Невладини организации***

Соработката со НВО произлегува во текот на учебната година и според нивните програми, за што во овој момент немаме информации ,,Надеж“, „Амбрела“, „Дендовас“, „ Ромаверзитас“.

- ***Спортски друштва***

Во училиштето активен е Училишниот спортски клуб „Браќа Рамиз-Хамид“- Скопје, во кој функцијата претседател ја извршува предметниот наставник по Физичко и здравствено образование Ристо Дамчевски.

- ***Здравствени организации***

Како и досега, училиштето ќе продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците, а тоа се: Здравствен дом „Чаир“ ; Здравствен дом „Шуто Оризари“ ; „Меѓуопштинскиот центар за социјални работи“ ; „Заводот за ментално здравје“ ; Осигурителна компанија.

Во текот на годината ќе се организираат и предавања (најмалку две) според потребата, изведени од стручни лица /надворешни соработници или од Црвениот Крст. Одговорни лица ќе бидат стручните соработници, одговорните на Црвениот крст и еден предметен наставник. Целта на ваквото едуцирање е да се прошират знаењата на учениците и да се развива свеста значењето на здравјето и водење грижа за сопственото здравје**.**

- *Медиуми* (со цел на промоција на училиштето)

Училиштето располага со флаери кои им ги даваме на родителите на сите првачиња кои се запишуваат во нашето училиште и таа активност ќе продолжи и понатаму, а ќе биде проширена и со промовирање на училиштето и преку одредени медиуми. Оваа активност ќе се реализира во договор со сите наставници и Советот на родители.

Активностите од ЕКО-програмата кои ќе бидат реализирани ќе ги промовираме во соработка со родителите , зависно од достапноста (ТВ, печат).

**Прилози:**

- Годишна програма за работа на: директор, помошен директор, педагог, психолог, дефектолог
- ПРОГРАМА НА ИНКЛУЗИВЕН ТИМ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ
- Програма за работа со надарени ученици
- АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОЦЕНУВАЊЕТО
- Годишна програма за работа на библиотекарот за учебната 2019/2020 година
- План за самоевалуација септември 2017 – август 2019 година
- ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ТИМОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ
- Годишна програма за работа на Совет на родители за учебната 2019/2020
- ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ за учебната 2019/2020
- ПРОГРАМА ЗА УЧИЛИШЕН ХОР за учебната 2019/2020
- Годишна програма за работа на училишниот оркестар за учебната 2019/2020
- Акционен план на стручниот актив по македонски јазик
- Општествена група предмети
- БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО – ИЗГОТВУВАЊЕ ЕФИКАСЕН ПЛАН ЗА ЕДУКАЦИЈА И ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕЗГОДИ
- П Р О Г Р А М И За екскурзии Септември 2019 год
- ПРОГРАМА ТРОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА за деветто одделение - Западна и Централна РСМакедонија
- ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА трето одделение
- ПРОГРАМА За организирање и реализација на настава во природа во текот на учебната 2018/2019 год. со учениците од V одделение
- ПРОГРАМА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА за шесто одделение Западна Македонија
- ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИЗЛЕТИ ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА
- План за изведување на набљудувања и посети на знаменитости и установи
- Годишна програма за работа на Ученичката заедница во учебната 2019/2020год.
- Програма за соработка со локалната средина и заедницата во учебната 2019/2020 год.
- Програма за грижа за здравјето на учениците за учебната 2019/2020 година
- Програма за одбележување на значајни датуми во учебната 2019/2020 година
- ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ
- Програма за професионална ориентација за учебната 2019/2020 година
- ПРОГРАМА НА ТИМОТ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ
- ПРОГРАМА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ (ПОВРЗУВАЊЕ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА)
- Програма за антикорупциска едукација на учениците 2019/2020 година

- ПРОГРАМА Етички кодекс во училиште

- ***Изработката на ГП: Алвин Салимовски-Директор, Валентина Златановска-педагог, Лоренса Демир-психолог, Емир Кадри – дефектолог.***
- ***Место за печат***
- ***Датум и потпис на директот 31.08 2019 год. _____***
- ***Потпис на претседател на УО _____***

# Програма за работа на директорот во учебната 2019/2020 година

Општинскотоосновноучилиштегокарактеризираат неколкукомпоненти:

- Надворешнаструктуранаучилиштето;
- Раководна функција-директор научилиште, неговатаработаиоднесување;
- Внатрешнаструктуранаучилиштето.

**Надворешнаструктуранаучилиштето**

ПочитувањетоиспороведувањетонаУставот,Законотзаосновнообразованиеиобврскитекоиоднивпроизлегуваа т,претставуваат дел однадворешнатаструктура научилиштето,какоинституционалнарамка.

Општествената средина-локалната средина, како и вредностите и верувањата во тие рамки, исто така, претставува дел однадворешнатаструктура.

Вонадворешнатаструктураможедасевградат верувања,вредноститеиочекувањатанадиректорот научилиштето.

- Раководна функција- директорнаучилиште, неговатаработаиоднесување Работатанадиректорот научилиштетовоучебнатагодинаќесеостваруваспоредменаџерскитефункциивообразовнитеорганизации, атоасе:

  - Соработкасолокалнатасамоуправа;
  - Планирањеипрограмирање;
  - Организирањеираководење;
  - Екипирање;
  - Координирањеиконтролирање;

Вреднување,евалуација.

Раководењето на воспитно –образовните организации е многусложена и одговорна работа. Улогата на директорот е посебно нагласена, затоа што тој еглавен носител на сите значајни прашања.

▪Раководење и унапредување со администрацијата, финансиите и грижата за условите за работа;

▪Раководење со луѓето, наставниците и другитевработени и учениците;

▪Инструктивно- педагошки раководител- водач на образовниот процес;

- Директор – културен водач со визија за развој на училиштето, со високи очекувања однаставниците, учениците и родителите- кој постепено, но сигурно ќе развива ефективно училиште.Раководен орган на училиштето е директорот. При вршење на својата раководна и менаџерска функција ќе практикува подобрување на рзвојниот процес. За реализација на планираните активности директорот непосредно ќе соработува со основачот, училишниот одбор,советот на родители и наставничкиот совет.

ЦЕЛ:Организирање и реализирање на целокупната работа во училиштето.

| 1. ПРОГРАМСКО – КОНЦЕПЦИСКО ПОДРАЧЈЕ | | |
|---|---|---|
| Програмски содржини | | Време на реализација |
| **Оперативна организација на активностите за почетокот на годината** | | |
| -Обезбедување услови за работа,Распоред за одговорности за компјутерските кабинети<br><br>-распоред за користење на малите лап-топи<br><br>-Организација на дополнителна настава<br><br>-Стручна и кадровска екипираност со наставнички кадар<br><br>-Огласување на работни места и избор по распишан оглас<br><br>-Изготвување на распоред на предмети<br><br>-Изготвување на годишна програма за учебната година<br><br>-Организација на наставнички совети по периоди во учебната година<br><br>-Анализа на постигањата од минатата учебна година<br><br>-Следење на работата на стручните активи<br><br>-Изготвување на распоред на дежурни наставници<br><br>-Листа на приоритети за набавка на нагледни средства<br><br>-Координирање на активностите со развојниот тим | Носители и соработници | VIII, IX |

| 2.СЛЕДЕЊЕ НА СТРУЧНО – ПЕДАГОШКА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО | | |
|---|---|---|
| Запознавање на наставниот кадар со програмите,прирачниците, упатствата и учебниците<br><br>Организација на проектни активности,слободни часови на училиштето | Директор, стручни работници и работна група | VIII, IX, X, XI, XII, II, III, IV |
| Следење на непосредна реализација на содржините на наставната и<br><br>воннаставната ВОД, преку посета на часови со примена на образовна технологија, анализа на годишни планирања по обем, содржина и квалитет од секој наставник | | |
| Увид во програмите со нејзиното следење во додатната, дополнителната и продолжителната настава. | | |
| Увид во педагошката евиденција и документација | | I, VI |
| Увид во реализација на проектите , | | Континуирано |
| Активно следење на реализацијата на програмските задачи на сите органи, организации и комисии во училиштето. | | континуирано |
| Координирање, насочување и следење на активностите на воспитната функција во училиштето. | | континуирано |

| 3. ПЕРМАНЕНТНО, СТРУЧНО, ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР | | |
|---|---|---|
| Оранизирање на стручни расправи по одредени прашања | | |

| | | |
|---|---|---|
| кои се од интерес за подобрување на резултатите во наставата | Директор, , стручни работници и работна група | Континуирано |
| Интерна едукација на наставниот кадар подготвена од страна на стручната служба и одредени наставници<br>Екстерна едукација организирана по проектни активности од други институции<br>Поттикнување на кадарот за самоусовршување<br>Надополнување на училишниот фонд со стручна литература | | |
| Усовршување на формите за соработка со родителите на учениците | | |
| Усовршување на методите за работа и ученички организации. | | |

| **4.РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ ПОЧЕТНИЦИ (РАБОТНО ВОВЕДУВАЊЕ)** | | |
|---|---|---|
| Определување солиден ментор на наставникот – | | |

| | | |
|---|---|---|
| почетник и запознавање со неговите обврски | Директор, стручни работници и ментори | По потреба |
| Запознавање со прописите за водење на педагошка евиденција и<br><br>документација<br><br>Едукација за примена на наставната технологија и законските прописи<br><br>Пријавување на наставникот за полагање на стручен испит | | |

| **5.РАБОТА СО СТРУЧНИТЕ ОРГНИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | | |
|---|---|---|
| Запознавање со соодветните законски акти за дејноста | Директор,стручни работници и претседатели на активи | VI, VIII |
| Редовно следење на литература за организацијата на работата на стручните органи во училиштето. | | Континуирано |
| Редовно присуство на сите седници на стручните активи во училиштето. | | Континуирано |
| Поттикнување на стручни и целосни расправии по сите прашања кои се на дневен ред на состаноците. | | Континуирано |
| Подготвување и водење на седниците на Наставничкиот совет и настојување да се реализираат донесените заклучоци. | | Континуирано |
| Поднесување извештаи пред Наставничкиот совет за превземените мерки во врска со унапредувањето на ВОР во училиштето. | | Континуирано |

| 6. АНАЛИТИЧКО – СТУДИЈСКА РАБОТА | | |
|---|---|---|
| Анализирање и проучување на сите видови планирања и програмирање на наставниците за наставата и воннаставните активности во училиштето | Директор,,стручни работници и одделенски | XI |
| Изготвување извештаи ( полугодишни и годишни ), информации и анализи, осврти во врска со реализацијата на програмите на ВОР | раководители | I, VI |
| Анализа за успехот, поведението и редовноста на учениците | | Континуирано |
| Следење и проучување од примена на образовната технологија | | Континуирано |
| Проучување и анализа на воспитно-образовниот процес во паралелките | | Континуирано |
| Изготвување на соодветни стручни материјали за стручно усовршување на наставниците | | Континуирано |
| Студијска анализа во врска со позитивните и негативните впечатоци за целокупната работа и поведение на наставниците | | Континуирано |
| Анализа на постигнатиот успех на учениците од 7 одделение | | VI |

| 7. СОРАБОТКА СО УЧЕНИЦИТЕ И НИВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ | | |
|---|---|---|
| Укажување помош при конституирање на ученичките организации (<br><br>детската организација , ПЦК, одделенските заедници во ОУ ) | Директор, стручни<br><br>работници, претседатели на активи и одделенски наставници | XI |
| Давање помош во планирањето, организирањето на активностите во<br><br>ОУ | | Континуирано |
| Непосредно учество во работата на нивните состаноци | | Континуирано |
| Поттикнување на културно-забавниот живот во училиштето | | Континуирано |
| Давање иницијатива за реализацијата на зимски и летни одмори на учениците. | | I, |
| Поттикнување за естетско уредување на просторот во училиштето | | Континуирано |
| Поттикнување на соработка со локалната средина ( со организациите од општината ) | | Континуирано |
| Поттикнување на соработка со културните институции и организации од локалната средина ( кино, театар, библиотека, музичкоучилиште, | | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| пионерски дом и сл. ) | | |
| Организирање на училишни натпревари | | XII, II, III, IV, V |

| **8. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
|---|---|---|
| Непосредно вклучување на родителите во процесот на реализацијата на плановите и програмите во училиштето. | Директор,стручни работници, | Континуирано |

В. Д. Директор

Алвин Салимовски

# *ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПОМОШНИК ДИРЕКТОР*

Во соработка со директорот на училиштето,помошник директорот своите работни обврски ги реализира во централ ното училиште. Помошникот директор остварува континуирана соработка со училишниот психолог, општината Шуто Оризари,Училишниотодбор,Советот на родители и сите останати тела ис труктури кои делуваат в оучилиштето.

Целокупната работа на помошник директорот е организирана во следните програмски подрачја:

- **Планирање,организирање и следење на реализација на воспитно- образовната работа**
  во училиштето преку:изготвување на
  Годишна програма за работа на училиштето и својата работа,следење и организација на изведувањена воннаставните активности и увидиво начинот н апроверка н аученичките знаења;

- **Следење и унапредување на реализацијата на наставата и воннаставните активности на училиштето преку**: следење на работата на наставницитесо посета на часови,следење на работатанаученичкитеклубови, применана стандардите за оценување на учениците иувидиво реализација на дополнителната идодатната настава;

- **Соработка со наставниците и родителите** со цел приближување на родителите кон училиштето и нивна редов на информираност за напредокот на учениците;

- **Соработка со централното училиште, месната заедница и локалното население**, Општинат аШуто Оризари;

- **Реализација на обуки** за стручно
  Усовршување на наставниците од подрачното училиште:со организација на дисеминација на знаењата од посетуваните обуки;

- **Соработка со училиштата** од општината и градот со цел унапредување на наставата и воннаставната дејност на училиштето;

**Програма за работа на помошник директор**

| ***Планиранапрограмскаактивност*** | ***Време на реализација*** | ***Реализатор*** | ***Извори/*** | ***Методии постапки при реализација*** | ***Очекуваниефекти*** |
|---|---|---|---|---|---|
| •Соработка со наставниците и родителите со цел подобрувањена комуникацијата наставник,родител и ученик.<br>•Родителски состанок<br>•Подготовкаи реализацијана забавна новогодишна програма.<br>•Реализација на работилнициод програмата ,,Животни вештини,, | Септември | Помошник директор | Кодекс на училиштето | Консултации со Директор и стручнаслужба | Успешнареализацијан апланот заподобрување на дисциплината во училиштето |
| Изготвувањераспореднадежурнинаставници | Во текот на целата учебна | Одделенски и предметни наставници | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор наниво настручен актив | Навремено истакнувањеи почитување на распоредот надежурнинаставници |
| •Соработка со централното училиште и<br>,Општината Шуто Оризарии други институции.<br>•Увиди во реализација наобуките за наставницитеза програма,,Животни вештини,,<br>•Реализација на обуки за стручно усовршување на наставниците од подрачното училиште. | Октомври | Класни раководители и ученици | Кодекс на училиштето | Консултации со класните раководители | Навремено истакнувањеи почитување на распоредот надежурниученици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| •Информирање на наставниците за планиранитесеминарите и за учество во проекти.<br>•Наставнички совет за првото тромесечие.<br>•Увид во педагошката евиденција идокументацијата на наставниците. | Септември | Класни раководители и ученици | Кодекс на училиштето | Консултации со класните раководители | Позитивна училишн аклима |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| • Присуство на обуки за реализација на програма ,,Животни вештини,,<br>•Увиди во дневните подготовки на наставниците од подрачното училиште.<br>•Организациски подготовки иреализицијана квизови за прво тромесечите за учениците од 5 до9 одд. по предметите математика, мајчинјазик,биологија, хемија, физика, историја,географија. | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| •Соработка со наставниците и родителите со цел подобрување на комуникацијата наставник, родител и ученик.<br>•Родителски состанок<br>•Подготовкаи реализацијана забавна новогодишна програма.<br>•Реализација на работилнициод програмата „Животни вештини„<br>•Посета на 20 часови во одделенска и предметна настава.<br>•Посета на 10часови од слободните ученички активности и анализа Консултативно советодавна работасо наставниците ,учениците и родителите. | Декември | Техничка служба | Кодекс на училиштето | Консултации и средбисо стручна и техничка служба | Позитивна училишна клима |
| ⅄Подготовказа одржувањена одделенските совети и наставнички совети.<br>⅄Анализа на успехот иповедението на учениците на крајот на првото полугодије.<br>⅄ Увид во педагошката документација иевиденција.<br>⅄ Грижа за уредување на училиштето,одржување на спортското игралиште и чистење на училишниот двор.<br>⅄Учество во изготвување на полугодишниот извештајза работатана училиштето во првото полугодие од учебна 2016/2017година | Јануари | Одделенски и предметни наставници | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор наниво настручен актив | Позитивна училишна клима |
| •Посета и анализа на часови во одделенска и предметна | Февруари | Дежурни | Кодекс на | Записници во | Позитивна училишна клима |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| настава.<br>•Посета и анализа на работата на клубовите и дополнителната настава | | наставници | училиштето | дневникот за дежурства | |
| •Планирање и координирањена работата на подрачното со централното училиште.<br>•Унапредување на соработката со централното училиште прекуорганизацијанаспортски турнири ,натпревари со други училишта одОпштината. | Март | Дежурни наставници | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |
| ⅄ Организирање и спроведување на училишните и другите натпревари.<br>⅄ Одржување наодделенски совет за третото тромесечие. | Април | Дежурни наставници | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |
| •Подготовказа запишување на првачиња за наредната 2018/2019 година.<br>•Соработка со училишниот психологвообласта на професионалната ориентација на учениците од VIII одделение.<br>•Планирање и реализирање на општитеродителскисредби. | Мај | Дежурни наставници | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |
| ♦Подготовки заодржување на одделенски инаставнички совет за учениците од прво до деветоодделение.<br>♦Изготвување на Годишенизвештајза работата на подрачното училиште во учебната 2017/2018 година.<br>♦Преглед на педагошката евиденција и документација во подрачното училиште. | Јуни | Дежурни наставници | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ♦ Одржување на хигиенатаи изгледот на училиштето.<br>♦ Подготовки за наредната учебна 2017/2018 година. | Јули | Дежурни наставници | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |

**Помошник Директор**

**Санела Емин**

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ**

**учебна 2019/2020 год.**

## ВОВЕД

Училишниот педагог, воспитно-образовната работа ќе ја остварува низ структурални елементи и работни задачи на стучниот работник и тоа на глобални подрачја низ кои ќе ја остварува својата стручна работа, содржина на работата за секое подрачје во најопшти рамки и насоки за користење на овие основи за изготвување програма за работа на училишниот педагог.

Програмата ќе се реализира низ следниве подрачја во кои се застапен разновидни содржини за работа:

- работа со ученици;
- соработка со родители;
- соработка со наставници;
- аналитичко-истражувачка работа;
- педагошка евиденција и документација;
- соработка со локална заедница;
- лично стручно усовршување

**IПодрачје: Планирање, програмирање и организирање на**

**воспитно-образовната работа**

***Содржини:***

- Изготвува програма за сопствената работа
- Учествува во изработка на годишната програма на училиштето како и во изработка на извештаите за работата на училиштето, полугодишни и годишни;
- Ќе изготвува статистички извештаи за резултатите на училиштето;
- Ќе учествува во планирање и организирање на предметна и одделенска настава во соработка со директорот, психологот, дефектологот и наставниците;
- Ќе учествува во планирање и организирање на воннаставни активности, во соработка со наставниците, психологот , дефектологот и директорот;
- Ќе учествува во планирање и организирање на активностите на стручните активи;
- Ќе учествува во изработката на самоевалуацијата на училиштето;

## IIПодрачје: Следење на воспитно-образовната работа

### *Работа со ученици*

***Содржини:***

1. Ќе ја следи адаптацијата на првачињата, како и нивниот напредок преку разговори и консултации со нивните наставници;
2. Ќе ги открива факторите кои го попречуваат напредокот на поедини ученици;
3. Ќе врши советодавна работа со учениците;
4. Ќе работи со ученици со потешкотии во учењето и истото ќе го евидентира во соодветни формулари за работа со ученици;
5. Ќе учествува во запишување на ученици и формирање на паралелки во соработка психологот;
6. Ќе го следи успехот и напредокот на учениците во наставни активности и нивна професионална ориентација во соработка со психологот;
7. Ќе одржува работилници со ученици за справување со насилството во училиштето и надвор од него,како и презентации за превенција од трговија со луѓе,во соработка со психологот, дефектологот и наставниците;

### *Соработка со родители*

***Содржини:***

- Ќе врши педагошко инструктивна и советодавна работа во соработка со психологот,директорот и наставниците;
- Советодавна работа со родители со понизок социјален статус и ублажување на проблемите во учењето на учениците;
- Води евиденција од работата со родителите;

- Учество на состаноци на Совет на родители на ниво на училиште;
- Ќе изготвува покани со дневен ред за членовите на Советот на родители;

## *Соработка со наставници*

***Содржини:***

- Континуирано ќе води педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците;
- Ќе врши советодавна работа со одделенските раководители за случаи со социјален статус на родителите , за да влијае врз учењето на учениците;
- Соработка со стручни органи во соработка со психолог, дефектологот , директор,наставници;
- Ќе врши унапредување на воспитно-образовната работа;
- Ќе учествува на состаноци на Одделенски и Наставнички совети;
- Ќе врши замена на отсутен наставник;
- Ќе учествува во разрешување на конфликтни ситуации на поедини ученици во соработка со наставниците, психологот, дефектологот и директорот;
- Ќе води Педагошки картон за наставниците;

## III Подрачје: Водење на педагошка евиденција и документација

***Содржини:***

- Учествува во унапредување на педагошката евиденција и документација што се води во училиштето;
- Ќе ја евидентира бројната состојба на учениците по пол, возраст, национален состав, успех и поведение;
- Ќе води досие за ученици со потешкотии во учењето како и за поведението;
- Ќе врши проверка на матичните книги и одделенските дневници, во соработка со наставниците од одделенска и предметна настава;
- Консултации со наставниците околу водењето на педагошка евиденција и документација;
- Води документација за аналитичко истражувачка работа;

## IV Подрачје: Аналитичко истражувачка работа

***Содржини:***

- Ги проучува причините и тешкотиите на учениците кои заостануваат во наставата;
- Ќе изготвува анкети за проверка на читачките способности кај учениците на почетокот од трето одделение;
- Ќе изготвува анкети за професионална ориентација на учениците во согласност со програмата за професионална ориентација;
- Ќе врши истражувачка активност во однос на избор на професија на осмите одделенија во соработка со психологот и Агенцијата за вработување;

## V Подрачје: Соработка со локална заедница и други институции надвор од училиштето и лично стручно усовршување

***Содржини:***

- соработка со други училишта -основни и средни;
- со филозофски факултет, институт за педагогија
- БРО и МОН;
- Центар за социјални работи;
- Полиција, оддел за превенција од насилство;
- ПС Шуто Оризари;
- повеќе невладини организации;
- метереолошка станица;
- дом за стари лица;
- соработка со МНТ, драмски како и театар за деца и младинци;
- соработка со Детски културен центар „Карпош“;
- етнолошки музеј и музеј на Македонија;
- посета на семинари и обуки;
- учество на состаноци на училишните педагози на град Скопје;
- учество на стручни активи на одделенска и предметна настава;
- постојано следење на стручна литертура;

# Програмски содржини – време на реализација

## 1. Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа (2 - 4 часа неделно)

| Задача | Активност | Време | Носител | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и поединечни документи од истата | Формирање комисии за изработка на поедини делови од Годишната програма | Јуни<br>Август | Педагог<br>Психолог<br>Наставници<br>Директор | Добро испланирани активности за надминување на некои забелешки од извештајот од Годишната програма за работа на училиштето | Педагог<br>Психолог<br>Наставници<br>Директор |
| Да се испланира и програмира сопствената работа | Изготување на Програма за работа на училишниот педагог | Јуни<br>Август | Педагог | Изготвена годишна програма за работа | Педагог |
| Да се земе учество во изготување на програма за работа на инклузивниот тим | Изработување на програма за инклузивниот тим | Јуни<br>Август | Педагог<br>Инклузивен тим | Реализација на планираните активности за работа со ученици со ПОП | Педагог<br>Инклузивен тим |
| Учествува при планирање и реализирање на работата на стручниот актив | Формирање комисии за изготвување на програмата на стручниот актив | Јуни<br>Август | Педагог<br>Одговорен наставник на стручен актив | Унапредување на воспитно-образовниот процес | Педагог<br>Одговорен наставник на стручен актив |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се изготви планирање за работата на одделенските совети | Изготување на програмата за работа на одделенскиот совет | Јуни<br>Август | Педагог<br>Директор | Добро подготвена програма за работа на одделенскиот совет | Педагог<br>Директор |
| Да се изработи програма за професионален развој на наставниците | Изработување на програма | Јуни<br>Август | Педагог<br>Психолог<br>Директор | Перманентно стручно усовршување на наставниот кадар | Педагог<br>Психолог<br>Директор |
| Учество и кооридинација во изработка на проектни активности | Избор на тимови за планирање и работа на проектни активности | Август | Педагог<br>Координатори на проекти | Унапредување на воспитно-образивниот процес | Педагог<br>Координатори на проекти |

**2. Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето**

| Задача | Активност | Време | Носител | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се следат и вреднуваат планирањата на наставниот кадар | Редовно следење преку одредни протоколи на планирањата на наставниот кадар | Октомври<br>Декември<br>Февруари<br>Април | Педагог<br>Одговорни наставници на активи | Редовно и уредно планирање | Педагог<br>Одговорни наставници на активи |
| Да се следи и вреднува наставниот процес (посета на часови) | Посета на часови | Октомври-Ноември<br>Март-Април | Педагог | Подобрување на наставниот процес | Педагог |
| Да се следи педагошката евиденција и документација | Редовна проверка на педагошката евиденција и документација | Октомври<br>Декември<br>Февруари<br>Април<br>Мај | Педагог<br>Наставници | Уредно и правилно водење на педагошка евиденција и документација | Педагог<br>Наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се следат и набљудуваат децата во група и индивидуално за упис во I одд. | Опсервирање и евидентирање на податоците од следењето за упис на деца во I одд | Мај<br>Јуни | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Комисија од наставници | Запишани првачиња | Педагог<br>Психолог<br>Комисија од наставници<br>Директор |
| Да се направи анализа на карактеристиките на идните првачиња и учество во формирање на групи | Анализирање на листите за следење при уписот, на цртежи и запишани белешки | Јуни<br>Август | Педагог<br>Психолог<br>Комисија од наставници<br>Дефектолог | Формирање на паралелки | Педагог<br>Психолог<br>Комисија од наставници<br>Дефектолог |
| Да ги запознаеме одд. наставници со карактеристиките на идните првачиња и учество во формирање на групи | Состанок и разговор со наставниците за карактеристиките на идните првачиња | Август | Педагог<br>Психолог<br>Комисија од наставници<br>Дефектолог | Адекватен пристап на наставниците кон сите деца | Педагог<br>Психолог<br>Директор<br>Дефектолог |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се следи прилагодувањето на учениците во прво одделение преку:<br><br>посета на часови, разговор со наставници, со родители, со ученици | Посета на часови, разговори, работилници | Континуирано | Педагог | Прилагодени, адаптирани, социјализирани ученици за работа и соработка со врсниците | Педагог |
| Да се следи и дава помош при организација и реализација на задолжителните, додатните и дополнителната настава | Следење, давање насоки, организирање, правење распоред за задолжителните, додатните и дополнителната настава | Континуирано | Педагог<br><br>Наставници | Подобар успех на учениците | Педагог<br><br>Наставници |
| Да се следи и учествува во организација и реализација на вон-наставните активности | Планирање и организирање на вон-наставните активности | Континуирано | Педагог<br><br>Наставници | Развивање на индивидуалните способности на учениците | Педагог<br><br>Наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се следи успехот и редовноста на учениците во наставните и вон-наставните активности | Анализирање на успехот, евидентирање на редовноста на учениците | Континуирано | Педагог<br>Наставници | Подобрување на успехот и редовноста на учениците во наставните и вон-наставните активности | Педагог<br>Наставници |
| Да се следи напредокот на учениците со ПОП | Посета на часови, разговори со наставници и родители и дефектолог | Континуирано | Педагог<br>Наставници<br>Дефектолог<br>Тимот на Инклузија | Напредок во учењето на децата со ПОП според нивните можности | Педагог<br>Наставници<br>Дефектолог<br>Тимот на Инклузија |
| Организирање на книжевна средба со македонски писател за деца и млади<br>Подготовка и планирање за нарачка на бесплатни учебници за учебната 2019/2020 година во електронска апликација на МОН | | |
| Рецитација на творби од стихозбирки од македонски автори за деца и творење поезија со истите мотиви (предметна настава)<br>Креативно-творечка работилница за учениците во 5-то одд.<br>Избор на најдобар читател за учебната 2019/2020 година | Библиотекар, наставници, ученици, актив од одделенска настава | мај |
| Организација на враќањето на учебниците и водење електронска евиденција за враќањето на учебниците<br>Враќање на позајмените лектирни изданија и книги од страна на корисниците<br>Изработка на годишен извештај за работата на библиотекарот за учебната 2019/2020 година<br>Учество во изработката на годишен извештај за работата на училиштето | Комисија за враќање на учебниците, библиотекар, директор, наставници, ученици | јуни |
| Планирање и програмирање на работата по подрачја, активности и месеци<br>Учество во изработка на годишната програма за работа на училиштето и во работата на училишните тимови и организации на училиштето<br>Отпис и расходување на неупотребливи и оштетни учебници;<br>Прием на нови учебници, водење евиденција, печатирање на доставените учебници | Библиотекар, одделенски наставници, Комисија за прием на учебници, Комисија за отпис на неупотребливи и оштетени учебници, МОН | август |

| | | |
|---|---|---|
| Ажурирање на податоците на новите членови на училишната библиотека<br>Вршење на библиотекарски услуги (позајмување и враќање на книжниот фонд) на учениците и наставниците<br>Упатување и навикнување на учениците за самостојно користење на разни извори на знаење<br>Развивање љубов кон книгата и навика кај учениците за посетување на библиотеката од најрана возраст<br>Организирани часови и предавања поврзани со наставните содржини, по договор со одделенските наставници<br>Инструктивна групна и индивидуална работа на учениците<br>Реализација на планираните активности согласно со Програмата на библиотекарската секција<br>Учество во работата на одделенските и наставничките совети;<br>Учество во реализација на состаноците со: стручните активи, стручните соработници, раководната служба, училишната заедница и родителите<br>Учество во реализација на планираните активности за меѓупредметна интеграција;<br>Организација и реализација на програмските активности на Комисијата за културна дејност на училиштет<br>Вклученост во активностите на Тимот за професионален развој ненасилно однесување, на тимот за проекти финансирани од ЕУ, училишниот инклузивен тим и други училишни тимови; | Библиотекар, одделенски и предметни наставници, раководители на паралелка, директор, стручни соработници, членови на библиотекарска секција, тимови, комисии и организации во училиштето | тековно во учебната година |

| | | |
|---|---|---|
| Посета на обуки, семинари, дисеминации, работилници и други форми на професионално усовршување<br>Распределување на детските списанија на учениците по паралелки доколку има пријавени ученици | | |

- Годишната програма за работата на библиотекарот е планирана и подготвена согласно со целите и задачите на училишната библиотека и доколку има потреба, истата може да биде изменета и дополнета во корелација со потребите на воспитно – образовниот процес во рамките на училиштето и други релевантни фактори.

Стручен соработник- библиотекар:

м-р Милка Тримчевска

**ОУ„Браќа Рамиз-Хамид“-Скопје**

**ПРОГРАМА НА БИБЛИОТЕКАРСКАТА СЕКЦИЈА**
**учебна 2019/20 година**

**Септември**

1. Формирање на библиотекарската секција/кооптирање на нови членови
2. Изготвување на план за работа на секцијата
3. Заштита на книжниот фонд
4. Вклученост во достава и распределба на бесплатни учебници

**Октомври**

1. Проекти за мотивација за читање
2. Библиотеката е храм на книгата-пораки и мотивација читање
   (натпревар за брзо читање)
3. „Моите омилени ликови од цртани филмови“

(изработка на креации/прозни и поетски творби)
4. Креирање листа на нови книги/донации

**Ноември**
1. Литературно творење,,Мојот омилен наставник“
2. Примена на ИКТ во библиотекарството
3. Часови по библиотекарство „ Библиотеките во светот“ (електронско истражување)
4. Часови за изразно читање

**Декември**
1. Активности и часови по библиотекарство
2. Фото-арт календар со членовите на секцијата
3. Посета на музеј
4. Предновогодишни активности(приредба, забава)

**Јануари**
1. Попис на книгите
2. Уредување на библиотеката

**Февруари**
1. Изложба на нови наслови (посета од ученици)
2. Посета и соработка со библиотеката од ООУ„26 Јули“ (МИМО)
3. Светски ден на мајчиниот јазик-пригодна манифестација
4. Посета на Универзитетска библиотека

**Март**
1. Уредување на библиотечниот фонд
2. Истражување на литература посветена на жената
3. Светски ден на поезијата (21 март): поетско читање
4. Посета на ТВ куќа

**Април**
1. Посета на саемот на книгата
2. Изработка на ѕиден весник

3. Меѓународен ден на книгата и авторското право(23 април)-активности
4. Средба со писател за деца и млади

**Мај**

1. Денот на ЕУ- „Европа на дланка“ -ИКТ
2. Посета на издавачка куќа, библиотека, промоција на книга
3. Денот на сесловенските просветители „Св. Кирил и Меодиј“-настан
4. Претприемништво во библиотерството

**Јуни**

1. Избор и прогласување на најчитана книга и најдобри читатели
2. Завршна манифестација-презентација на сработеното (ИКТ)

Одговорен за секцијата:
Стручен соработник-библиотекар
м-р Милка Тримчевска

**Професионален развој на образовниот кадар**

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
## НА ТИМОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Континуираното образование, односно усовршување на наставникот има свое посебно значење. Потребата на нашето време, изразена во ставот постојано да се учи, односно да се учи во текот на целиот живот е од особена важност токму за наставничката професија. Создавањето стимулативни општествени и професионални услови за професионален развој во наставничката професија значително ќе го промени односот на наставникот кон сопствениот професионален развој.

Ликот на наставникот треба да биде во согласност со реалното случување и секојдневните потреби во воспитно – образовниот процес. Тоа е лик на наставник, богат на општо образовно и стручно поле, оспособен и мобилен на планот на стекнување потребни вештини за успешно реализирање на неговата професија. Значи, наставникот ќе мора, покрај стекнувањето на формалното образование и постојано стручно и професионално да се усовршува.

**ОУ „Браќа Рамиз-Хамид“ – Шуто Оризари, Скопје**

## План за професионален развој на наставниот кадар

| Развојна цел | Конкретни цели (задачи) | период на реализација | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| 1. Формирање база на податоци за досегашниот професионален развој на наставниците, стручната служба и директорот | Согледување на резултатите од личните планови за професионален развој од извештаите за реализација од претходната учебна година на сите поединци | Прво полугодие | Лоренса Демир |
| | Изработка на личен план за професионален развој на наставици почетници. | Прво полугодие | Индивидуално Милка Тримчевска |
| | Интегрирање на податоците и поднесување извештај за состојбата | Септември 2019 | Наставници,стручни соработници,директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. Вклучување на училиштето во проекти и семинари кои промовираат инклузивна настава | Едукација на наставници од одделенска и предметна настава за работа со деца со посебни потреби | Ноември 2019 | Инклузивен тим |
| 3.Подобрување на квалитетот на наставата | Стимулација и рана идентификација на надарени и талентирани ученици | по обезбедена обука | Стручни соработници Милка Тримчевска |
| | Диференцирано учење и индивидуализирана настава во инклузивна училница | Декември 2019 | Емир Кадри Лоренса Демир |
| | Примена на современи форми и методи за работа | По обезбедена обука | Тим за професионален рзвој |
| | Кодирање без компјутер | По обезбедена обука | Тим за професионален развој |
| | Интегрирање на еколошки цели во редовните наставни содржини | Март 2020 | Емилија Тасевска-Петковска |

| Развојна цел | Конкретни цели (задачи) | период на реализација | Одговорно лице |
|---|---|---|---|
| 4. Континуирано уредување на наставничките портфолија | Заемно оценување на индивидуално ниво во текот на подготовката на портфолиото | Прво полугодие | Претседатели на активи |
| | Формална евалуација на портфолиото | Јуни, 2020 | Директор,стручни соработници |
| 6. Подобрување на оценувањето во училиштето | | | |
| | Примена на ефективни техники и стратегии за утврдување и подобрувањена постигањата на учениците | Март, 2020 | Претседатели на активи |
| | Примена на ученички портфолија | 2018-2020 | Тим за професионален развој |
| | Примена на методи,техники и инструменти за следење на постигнувањата на учениците | Април, 2020 | Тимови за унапредувањето на оценувањето и проф. развој |
| 7. Едукација за користење ефективни ресурси за учење | Изработка на стратегија за вклучување на родителите и локалнаа заедница во наставниот процес | 2019-2020 | Стручни соработници |
| | Неформално образование за професионален развој | 2019/20 | Тим за професионален развој |

Изработил: Стручен соработник-библиотекар, м-р Милка Тримчевска

**Забелешка:** Програмата е флексибилна. Истата може да се менува и дополнува во текот на учебната 2019/2020 година, во

зависност од барањата и потребите на наставниците, со цел да се овозможи квалитет на наставниот процес и и усовршување на професионалниот и кариерниот развој на наставникот.

Тим за професионален развој:

1. м-р Милка Тримчевска - претседател
2. Елена Алуловска- член
3. Елена Јакимовска-член
4. Емилија Тасевска-Петковска-член
5. Лоренса Демир-член

**Годишна програма за работа на Совет на родители за учебната 2019/2020**

**во О.У. ‘’Браќа Рамиз-Хамид’’**

Годишната програма за работа на Советот на родители претставува дел од годишната програма на училиштето и овозможува и родителите да бидат вклучени во активностите и во процесот на образование и воспитание на своите деца во рамките на **О.У. ‘’Браќа Рамиз-Хамид’’.**

**Септември**

-Конституирање на Совет на родители – избор на претседател, потпретседател и секретар;

-Предлози за Годишна програма на Совет на родители;

-Разно.

**Октомври**

- Учество во следниве активности:

1.Организирање на изложби;

2.Предавања на актуелни теми од современото живеење;

3.Посета на културно - историски манифестации;

4.Посета на установи и организации;

5.Предлози и активности за подобрување на условите за работа на училиштето.

**Ноември**

-Разгледување на успехот и поведението на учениците во првото тромесечие;

-Посета на учениците на културно уметнички манифестации;

-Посета на историски места;

-Разно.

**Декември**

-Учество во организација на претстави по повод – Нова Година;

-Организирање на Новогодишен базар .

**Јануари**

-Соопштување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие за учебната 2019/2020год;

-Разговарање за подобрување на успехот на учениците со присуство на родителите и стручниот персонал.

**Февруари / Март**

-Организирање на посети на музеи;

-Подготовка за одбележување на 8 Март – Денот на жената (изложба и работилници);

-Подготовка за одржување на маскембал по повод 1 Април (“Денот на шегата”);

- Презентација и информирање од страна на стручни лица за правата на децата и други области.

**Април**

-Анализа на успехот и поведението на учениците од третото тримесечие за 2019/2020 год;

-Разгледување на Програмата за ученички екскурзии;

-Разно.

**Мај / Јуни**

-Соопштување за успехот и поведението на учениците за второто полугодие;

-Анализа на програмата на Совет на родители за изминатиот период.

Претседател на совет на родители:

Фари Сали

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ**

**Учебна 2019-2020 год.**

| Цели | Активности | Реализатор | Време на реализација | Ресурси | Индикатори на успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Да ја организира работата на училиштето во новата учебна година | -Распред. на задолженија на наставниците(наставни предмети,наставни часови,воннаставни активности)<br>-Разгледување и усвој. на годишната програма<br>-Прием на првачиња, уредување на училишните простории | -директор стручни соработници<br>-наставници<br>-технички персонал | Август<br>Септември | Користење насознанија од годиш.извештај, год.планови и програми од БРО и насоки од МОН | Задолженијата се поделени и реализирани.<br>Создрадени се услови за почеток на учебната година |
| Да се исланира и организира наставата во новата учебна година | -Запознавање на наставниците со насоките<br>- Формирање на работни групи<br>- Избор на одг. Наставници<br>- Распоред на задолженија<br>- Распоред на часови | -директор<br>-наставници<br>-стручна служба | Септември | Распоред на часови<br>Огласни табли | Испланирана е и организирана наставата<br>Направен е распоред на часови, на дежурства и на приемни денови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се утврдува успехот, редовноста и поведението на учениците по периоди | - Сумирање на резултатите<br>од одделенските совети<br>- Информирање на наставниците од советот<br>- Согледување на реализацијата на наставните планови и програми | директор<br>стручна<br>служба | Ноември,<br>Јануари,<br>Април,<br>Јуни | Извештаи од одделенск ите наставниц и и раководит ели<br>Извештаи од стручните активи | Утврден е успехот, редовноста и поведението и дадени се насоки за понатаму |
| Расправа и донесување одлуки за:<br>- стручни прашања од восп.-образов. процес<br>-воспитни мерки и други работи утврдени со Статутот на училиштето | -дискутирање по однос на актуелни прашања и проблеми<br>- информирање на наставниците за тековни работи (семинари, натпревари, соработка со локалната заедница и сл.) | Директор<br>Стручни соработници и наставници | Континуирано | Дописи, укажувања,<br>записници | Согледана е потребата од професионлен развој на наставниците,<br>информирани се наставниците за тековни случувања |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се испланира и согледа реализацијата на планираните воннаставни активности | - планирање на воннаставни активности за учество во натпревари, проекти, манифестации. Изложби исл.<br>-Подготовки за патрониот ден на училиштето | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници<br>наставници | Континуирано | Дописи, укажувања, планирања на наставниците | Воннаставните активности се испланирани и одредени се учесници и одговорни наставници |

Педагог:
Валентина Златановска

**Училишниот одбор** е орган кој е одговорен за управувањето со училиштето.Работата на **Училишниот одбор** е содржана во Законот за основно образование и Статутот на училиштето.

Составен е од 9 члена согласно Законот за основно образование:

1. Виолета Митовска - претседател, претставник од МОН
2. Билјана Иваноска – заменик претседател,претставник од наставниците
3. Сејдо Јашаров – претставник од наставниците
4, Фата Османовска – претставник од локална самоуправа
5. Измир Сали – претставник од локална самоуправа
6. Фахри Сали– претставник од родителите
7. Фадил Џемал – претставник од од родителите

8 Екрем Илјаз – претставник од родителите.

9. Дијана Стефановска Љубисављевиќ - претставник од наставниците

Седниците на Училишниот одбор ќе се одржуваат по потреба, но најмалку еднаш во тримесечје. Кои содржини ќе се разгледуваат и какви одлуки ќе се донесуваат ќе зависи од потребата, како и од настаната ситуација.

Седниците ќе ги закажува претседателот на Училишниот одбор.

***Планирани активности:***

| Реден број | Програмски задачи | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1.<br>2.<br><br><br>3.<br>4. | Усогласување на Статутот на училиштето со законските решенија и подзаконските акти<br><br>Разгледување и усвојување на Извештајот за успехот,редовноста и поведението на учениците на крајот на учебната 2018 / 2019год.<br><br>Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на училиштетоза учебната 2018 / 2019 год.<br><br>Разгледување и усвојување на Годишната програмата за работа на училиштето за учебната 2019 / 2020 год. | август / септември |
| 1.<br>2.<br><br>3.<br><br>4.<br><br>5. | Тековни и актуелни прашања и проблеми во врска со воспитно образовната работа во училиштето<br><br>Разгледување и усвојување на Годишниот финансов план за 2020 год.<br><br>Следење на квалитетот и резултатите на учеиците.<br><br>Подршка и обезбедување на професионалниот развој на наставниците.<br><br>Грижа за за детските права на учениците. | ноември/<br><br>декември |

| | | |
|---|---|---|
| 1.<br>2.<br>3.<br>4. | Разгледување на успехот,поведението и редовноста на учениците на крајот од првото полугодие од учебната 2019 / 2020 год.<br>Разгледување и усвојување на Извештајот на пописната комисија на пописот на средствата и нивните извори<br>Разгледување и усвојување на завршната сметка за 2019 год.<br>Разгледување и усвојување на Планот за јавни набавки за 2020 год. | јануари/<br>февруари |
| 1.<br>2.<br>3.<br>4.<br>5. | Донесување одлуки кои ќе произлезат од активностите на директорот, вработените и учениците во училиштето,како и од надлежните органи<br>Тековни проблеми и активности<br>Одлучување по приговори и жалби на вработени, ученици, родители и др.<br>Извештаи од реализирани проекти и други активности во училиштето<br>Разгледување на други прашања утврдени со Статутот, како и други прашања кои ќе го наметнат своето значење | низ текот на годината |

Училишниот одбор,особено претседателот ќе биде во постојана соработка и комуникација со директотот на училиштето со што ќе се овозможи управувањето и раководењето на училиштето да биде на професионално ниво и во интерес на самото училиште .

Претседател на УО
Виолета Митовска

**ПРОГРАМА ЗА УЧИЛИШЕН ХОР**

**Учебна 2019/2020 год**

**Цел:**

Целта на училишниот хор е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособат за колективен однос во заедничка презентација на вокални дела и надвор од него.

**Посебни цели:**

- да создадат навика за редовност и точност;
- да се развијат творечки способности, етички и естетски вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретација на хорските композиции;
- да развива способност за индивудуално вокално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упатства на диригентот-менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи (во училиште, локалната средина и др.);
- да соработува со други лица од културата, институциите, стручни организации од областа на уметноста и култура;

- да развива љубов и способност за вокална интерпретација и запознавање со културите на други народи.

**Забелешка:** во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот во зависност од составот (обем на гласовите), интересот и желбите на учениците.

## Организација на хорската настава

-Часовите по хорска настава ќе се организираат во текот на цела учебна година, а неделниот фонд е според тежинското ниво на композициите (двогласни и тригласни) по 3 часа седмично.

-Во училишниот хор можат да членуваат учениците одVI, VII, VIII ,IX одделение, според интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализација ќе се организира спрема просторните можности на училиштето и можностите на учениците.

-Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето и хорските смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година и во локалната средина и пошироко за разни пригоди.

## Наставни методи и активности

-Во остварувањето на целите на училишниот хор ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, фронтална, групна, индивидуална и други. Од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободното изразување на своите чувства преку вокална интерпретација.

-Ќе се соработува и со разни културно-уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на хорска интерпретација.

**Одговорен наставник: Цветанка Мишева**

**Годишна програма за работа на училишниот оркестар**

**Учебна 2019/2020 год.**

**ЦЕЛ:**

Целта на УЧИЛИШНИОТ ОРКЕСТАР е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на инструментални дела во училиштето и надвор од него.

Посебни цели:

- да создава навика за редовност и точност;

- да се развиваат творечки способности, етички и естетски вредности;

- да развива колективен интелектуално-емоционален и кретивен однос кон интерпретацијата на инструмантални композиции;
- да развива способност за колективно иструментално интерпретирање;

- да ги почитува дадените упаства на диригентот – менторот;

- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;

- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;

- да открива нови можности за примена на иструмантална активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.)

- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;

- да развива љубов и способност за инструменталнаа интерпретација и запознавање со културите на другите народи;

**Забелешка:** во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ке се работат и други композиции, зависно од интересот и желбите на учениците.

**Организација на оркестарската настава**

Часовите по оркестар ќе се организираат во текот на цела учебна година, а неделниот фонд е според тежинското ниво на композициите по 3 часа седмично. Во училишниот оркестар можат да членуваат учениците од VI, VII, VIII и IX одделение, според интересот и техничките можности на учениците. Времето на реализација Ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализација ќе се организира спрема просторните можности на училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето и Оркестарските смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година и во локалната средина и пошироко за разни пригоди.

**Наставни методи и активности**

Во остварувањето на целите на училишниот оркестар ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и други. Од методите Ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други. Во работата Ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на своите чувства преку инструменталан презентација. ќе се соработува и со разни културно – уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на инструменталан интерпретација.

Одговорен наставник:

**Екрем Јашар**

**Акционен план и Годишна програма за работа на Јазична група предмети**
**во учебната: 2019/2020 год.**

| Содржина | Цел | Реализатор | Извори / ресурси | Очекувани ефекти | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на Акционен план и Годишната програма за работа | Да се креира Годишната програма според која ќе се работи во текот на учебната 2019/2020 год. | Сите наставници од Јазичната група на предмети | Акциониот план и Годишната програма | Развиена, збогатена и успешна соработка помеѓу наставниците од Јазична група на предмети | Август |
| Уредување на училишниот хол и кабинетите со креативни идеи и предлози | Да се уредат училишниот хол и кабинетите со: хамери, ѕиден весник и сл. и на тој начин да се истакне значењето на: наставата | Сите наставници од Јазичната група на предмети | Соодветна стручна литература и интернет | Развивање на интелектуалната љубопитност за истражување и креативност | Септември |
| Работилница на тема: Запознавање на учениците со меѓународниот празник: „Ноќ на вештерките″ | Запознавање на учениците со начинот на празнување | Активот по Англиски јазик | Интернет, хамери, слики | Поттикнување на интерес кај учениците за изучување на други култури и обичаи | Октомври |
| Творење за Градот Скопје, по повод 13 Ноември | Стекнување: креативност и мотивирност преку лични творби и нивна презентација | Актив по Македонски јазик | Дискусија, ИКТ презентација и изразно читање на лични творби | Имплементирање на стекнати знаења: стих, строфа, изразни средства | Ноември |
| **Содржина** | **Цел** | **Реализатор** | **Извори / ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Време на реализација** |
| Отворен час: | Да се изработат | Сите | Материјали за | Да се разбере | Декември |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање и изработка на подароци и новогодишни честитки | подароци и новогодишни честитки кои ќе бидат подарени на деца без родители и со посебни потреби во соодветните институции | наставници од Јазичната група на предмети | изработка на подароците и новогодишните честитки | големината и значењето на: хуманоста | |
| Презентација на германски филм | Поттикнување на интересот за германската култура | Актив по Германски јазик | Интернет | Запознавање со современите текови и општествените настани во Германија | Февруари |
| Творење по повод: Денот на пролетта | Да се мотивираат и поттикнат да творат и да пишуваат лични творби | Актив по Ромски јазик | Лични творби од учениците | Примена на стекнати знаења: стих, строфа, изразни средства | Март |
| Отворен час по повод: 8 Април | Учениците подобро да се запознаат со Ромскиот интернационален празник | Сите наставници од Јазичната група на предмети | Презентација | Учениците ќе бидат подобро запознаени со Ромскиот интернационален празник: 8 Април | Април |
| Одбележување на 24 Мај: „Св. Кирил и Методиј″ - Ден на сесловенските просветители | Истакнување на значењето и дејноста на: „Св. Кирил и Методиј″ | Актив по Македонски јазик | Есеј | Имплементирање на стекнати и нови знаења за значењето и дејноста на: „Св. Кирил и Методиј″ | Мај |

| Содржина | Цел | Реализатор | Извори / ресурси | Очекувани ефекти | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка на Извештај за реализираните активности во текот на учебната 2019/2020 год. | Да се разгледаат и анализираат постигнатите резултати од реализирањето на Годишната програма | Сите наставници од Јазичната група на предмети | Акциониот план и Годишната програма, тематско - процесни планирања, инструменти за следење и оценување на учениците и техники во наставата | Остварување на резултати и зголемена успешност во реализацијата на наставните единици | Јуни |

Директор: Алвин Салимовски

Педагог: Валентина Златановска

Претседател: Соња Станковиќ

Записничар: Јасмина Костадиновска

Скопје,

19.08.2019год

**Општествена група предмети**

Одговорен наставник: Драган Ковачевиќ и Сузана Левкова

Целта на вклучување на учениците од основното училиште во општествено корисната работа е кај нив да се развива љубов и позитивен однос кон работата, да негува почит кон работниот човек, средствата за производство, да ги почитува резултатите од трудот и да придонесе за правилно сфаќање на улогата на физичкиот и интелектуалниот труд во животот на човекот.

Задачите на општествено корисната работа се:

- кај учениците да се развие позитивен став кон трудот;
- да придонесе за постапен развој на истрајноста во работата, уредно и навремено завршување на задачите;
- да развие љубов кон природата и природните убавина;
- да се создадат навики кај учениците за одржување на хигиената во училиштето и во непосредната околина.

| Вид на активност | Ориентационо време | ОДД | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1.Одржување на училницата | Во текот на целата година | I - IX | кл. раково дител, ученици, одделенски наставник |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.Естетско уредување на училницата | Во текот на целата година | I - IX | кл. раководител, ученици, одделенски наставник |
| 3.Расчистување на теренот околу училишната зграда | Во текот на целата година | V - IX | кл. раководител, ученици |
| 4.Посета на споменици на знацајни личности | државни празници | V - IX | кл. раководител, ученици |
| 5.Организирање на собирни акции | Во текот на целата година | V - IX | кл. раководител, ученици |
| 6.Собирање на стара хартија | по потреба | I - IX | кл. раководител, ученици, одделенски наставник |
| 7. Парична собирна акција - хум. цели | по потреба | I - IX | кл. раководител, ученици, одделенски наставник |
| 8. Собирање на ученички прибор за материјално загрозени деца | по потреба | I - IX | кл. раководител, ученици, одделенски наставник |
| 9.Собирање на стара облека и обувки | октомври и април | I - IX | кл. раководител, ученици, одделенски наставник |

**БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО – ИЗГОТВУВАЊЕ ЕФИКАСЕН ПЛАН ЗА ЕДУКАЦИЈА И ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕЗГОДИ**

- Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни непогоди. Обука на учениците за ефикасен одговор во вонредна ситуација.

Задачи:

- Размена на искуство и меѓусебна соработка на тимот на учениците. Давање свој придонес според можностите при помош во вонредни ситуации.

| Содржина-активности | Цели | Реализатор | Време | Ресурси | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка и усвојување на годишната програма за работа | Доделување на задолженија на членовите на тимот | Тим од одговорни наставници и ученици. | Септември | Годишна програма на училиште,план | Основни знаења за превенција во случај на елементарни непогоди-земјотрес. |
| Тестирање на сигналите за опасност | Проверка на успешноста на сигналот. | Тим од одговорни наставници и ученици | Ноември | Разглас,звоно | Препознавање на знак на брза реакција во случај на елементарни непогоди. |
| Едукација и оспособување за заштита спасување и помош за ученици од одделенска-предметна настава | Основни знаења за вежбовни активности | Тим за планирање и ученици | Октомври | Стручна литература,ЦД,искуства план. | Постапка и правила како да се постапи за време на елементарни непогоди. |
| Вежбовна активност за прва медицинска помош. | Оспособување на тимот за прва помош. | Тим од одговорни наставници и ученици. | Декември | Медицински материјал | Практична и успешна интервенција. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вежбовна активност за - работилница за организација на училиштето за време на земјотрес(ученици). | Оспособување на тимовите за брзо делување. | Тим од одговорни наставници и ученици. | Февруари | ЦД,брошура,план на училиште | Навремено и правилно постапувањево случај на елементарни непогоди |

- **Активности за реализација на целите:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање тимови,екипи за различни цели-тимови за прва помош. | Конкретизација на активностите на различни тимови. | Тим на одговорни наставници и ученици. | Март | Стручна литература искуства | Совладување на зададените задачи,пред за и после одредена опасност. |
| Вежбовна активност-работилница за симулација на земјотрес (ученици). | Оспособување за снаоѓање во вонредна ситуација. | Тим од одговорни наставници и ученици. | Април | Стручна литература,медицински матријал,ППЗ | Експедитивност и ефикасност за правилно и брзо поставување во случај на елементарни непогоди. |
| Евалуација за спроведените активности. | Согледување на позитивните и негативните страни . | Тим на одговорни наставници и ученици. | Мај | Искуства,воочување на недостатоци прпусти и нивно елиминирање за идните активности. | Воочување на недостатоци пропусти и нивно елименирање за идни активности. |

**Одговорни наставници:**
**Тања Темелковска**
**Берна Беќироска**

**ОУ ,,БРАЌА РАМИЗ-ХАМИД,,**

**Општина Шуто Оризари, Скопје**

**П Р О Г Р А М И**

**За екскурзии Септември 2019 год.**

**ПРОГРАМА ТРОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА за деветто одделение -**

**Западна и Централна Македонија**

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**: три дена во октомври

**МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ**: Западна и Централна Македонија

- Прилеп ( посета на Маркови кули,),
- Крушево (посета на Споменик „Македониум“, гробот и Спомен куќата на Тоше Проески),
- Битола ( посета на Хераклеа, Спомен собата на Мустафа Кемал Ататурк **),**
- Охрид,( посета на Св.Наум, Музејот на вода, Плаошник,Св.Софија, Канео),
- Вевчани- (посета на изворите)
- Маврово ( посета на манастирот „Св. Јован Бигорски“ и Мавровско езеро),
- Тетово (посета на Шарена џамија)

**НАСТАВНИ ТЕМИ:** животинскиот свет во водата и покрај водата,нашето минато,одлики на западна и централна Македонија.

**МОТИВИ:**

1. **природни (** геоморфолошки, хидрографски, климатски и биогеографски )
2. **општествени (**културно-историски и етнографски )

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА**

▪Да се запознаат со природните карактеристики на централниот и западниот дел на Р.Македонија;

▪Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби;

▪Да се запознаат со културно - историските знаменитости на регионите и нивното значење;

▪Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Охридското езеро;

▪Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато;

▪ Развивање интерес за природата и градење еколошки навики за здраво живеење;

▪Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;

▪Развивање позитивен однос кон: националните,културните и естетските вредности;

▪ Кај учениците да се гради меѓусебна доверба, другарство, самостојност и комуникација;

▪Развој на соработка и интеракција меѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-објект

▪ Развивање на другарство и социјализација на учениците;

***ЗАДАЧИ:***

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато,како и други настани од историско значење,
- Да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- Дасе развие чувството за одговорност,свесна дисциплина,
- Да се поттикнува и развива другарството,меѓусебно почитување,позитивен дух и подобри меѓусебни односи.
- Толеранција и соживот,
- Развивање позитивен однос кон националните, културните им естетските вредности,
- Социјализација и стекнување искуство за осамостојување игрижа за себе;

**АКТИВНОСТИ:**

**Прв ден :**

Тргнување во 07:30 мин пред училиштето. Се оди кон Прилеп со посета на Маркови Кули со кратка пауза. Се продолжува за Крушево со посета на културно-историските знаменитости на градот, спомен куќата и Музејот на Тоше Проевски. Се патува преку Демир Хисар кон Битола каде се посетува Хераклеа и Спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк**.** Патот продлжува кон Охрид со пристигнување во вечерните часови. Следува сместување во хотел, вечера и ноќевање.

**Втор ден :**

Појадок во хотелот и посета на Неолитската населба “Наколец“ и Св. Наум. Враќање во хотел, следува ручек и мал одмор. Во 16 часот се оди во посета на градот Охрид, прошетка низ стариот дел на Охрид, посета на Плаошник, Канео и Самоилова тврдина. Вечерта следува организирана забава во хотелот или во градот.

**Трет ден :**

Појадок во хотелот по што следи кратака посета на Билјанини Извори и прошетка низ градот. Ручек во хотелот и заминување преку Струга кон Вевчанските Извори. Од таму се патува кон Манастирот „Св. Јован Бигорски“ и Маврово со разгледување на Мавровското Езеро. Потоа се продолжува во Тетово се посетува Шарена џамија. По кратка пауза се патува кон Скопје со пристигнување од 19:30-20:00 часот.

***НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА:***

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

***ФИНАНСИРАЊЕ:***

Трошоците на патувањето ги сносат родителите. Финансиските средства родителите ќе ги уплаќаат на уплатница директно на агенцијата со која е потпишан договорот за изведување на екскурзија

***ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА*:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување,туристички водач, лекар.

***НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕИ КОРИСТЕЊЕНА РЕЗУЛТАТИТЕ:***

- На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето нау чениците,преку разговори и други форми (пишување есеи,писмени состави,извештаи,описи,изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**Подготвил*:***

**Тим за планирање на екскурзијата:**
Директорот: Алвин Салимовски
Педагог:Валентина Златановска:
Одделенските раководители: Радица Бошњакоска и Елена Алулоска

**ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА**

**трето одделение**

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** еден ден – мај

**МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ:** Западна Македонија

- **Тетово** (посета на Шарена Џамија)
- **Охрид** (Св. Наум- со брод, Музејот на вода, Плаошник, Св. Софија
- **Вевчани-**изворите

**НАСТАВНИ ТЕМИ: Животински свет во вода и покрај вода, нашето минато, одлики на Западна Македонија.**

**ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА**

- Непосредно да ги проширува сознанијата за својот роден крај;
- Да се запознае со поважните историски случувања во својата татковина;
- Да развива патриотски чувства и чувства на припадност кон својата земја;
- Да ги проширува знаењата за културните традиции на татковината;
- Да ги запознае природните богатства на својата татковина;
- Да се поттикнува да ги почитува разликите(пол,етничка; припадност,социјално потекло,надворешен изглед);
- Развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетски вредности;
- Развивање на другарство и социјализација на учениците;

**ЗАДАЧИ:**

- Запознавање на природнатасредина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на овој дел од татковината, поблиското и подалечното минато, како и други објекти и настани од историско значење;
- Да развиваат позитивен однос кон животната средина;
- Да се поттикнуваат на другарство, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи

**АКТИВНОСТИ:**

**Поаѓање:**

- Патување од Скопје до Охрид со тргнување во 8часот. Во Тетово се пристигнува во 9 часот каде учениците ќе ја посетат Шарената Џамија. Патувањето ке продолжи во 10 часот.
- Пристигнување во Охрид (прошетка низ стариот дел на градот, Плаошник и Св. Софија, симнување на пристаниште и посета на Св. Наум со брод, претходно организиран)
- Охрид –Вевчани-Скопје
- Враќање во 19 часот

**ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ:** Актив на трето одделение

**НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА:**

- Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, потребите од непосредно набљудување за подобро разбирање и сваќање на наученото;
- Во организацијата и релизацијата ќе учествува избраната туристичка агенција.

**ФИНАНСИРАЊЕ:**

- Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:** Висококвалитетни, климатизирани безбедни патнички автобуси, туристички водач, медицинско лице.

**НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:**

- На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците преку разговори и други форми (пишување извештаи, состави, описи, илустрации, изработка на албуми од фотографии, плакати со слики и лични творби мотивирани од направените посети при екслурзијата) ќе се добијат повратни информации.

Подготвиле – актив на трето одделение

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

**РАКОВОДИТЕЛ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:** Лидија Петровиќ

**ОУ "Браќа Рамиз - Хамид" Шуто Оризари-Скопје**

# ПРОГРАМА

**За организирање и реализација на настава во природа во текот на учебната 2019/2020 год.**

**со учениците од V одделение**

**ВОСПИТНО** - **ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:**

- Запознавање со природно-географските обележја на Западна Македонија и Охрид;
- Проширување и продлабочување на знаењата на учениците за културното наследство на Западна Македонија и Охрид;
- Поттикнување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки;
- Развивање на љубопитноста (да поставува прашања и да дава соодветен одговор на нив);
- Оспособување за организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнатите знаења во нови ситуации;
- Оспособување за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина;
- Проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки;
- Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавини и историското минато;
- Да се оспособува за активно учество во истражувања на минатото со помош на користење на различни извори;
- Меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики;
- Негување и развивање на индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста*;*
- Применување на техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, анализирање);
- Развивање на смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

**ЗАДАЧИ:**

- Развивање способност за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување разбирање на нивните меѓусебни врски и односи во природната и општествена средина;
- Продлабочување, проширување и збогатување на искуството за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки и користење на современи педагошки форми и методи на работа;

- Развивање на способноста за изразување , забележување и заклучување;
- Развивање љубов и почит кон татковината;
- Со повеќедневен престој учениците да другаруваат, истражуваат, да се запознаат подобро, да го продлабочат другарството да развијат позитивни особини и навики за соживот и надминување на националните, социјалните и други разлики кои постојат меѓу нив;
- Да знае како да се однесува при посета на институциите на културата;
- Да се негуваат и развиваат индивидуалната, тандемската и групната работа и позитивни навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;
- Развивање на смислата за убавото, формирање чувство на одговорност за заштита на природата и за здравиот начин на живеење;
- формирање на навики за организирано користење на слободното време;

**Конкретни цели и очекувани резултати по наставни предмети:**

**Македонски јазик:**
Ученикот/ученичката
- Да се оспособува за самостојно усно и писмено изрзување на своите впечатоци и збогатување на речникот;
- Да се оспособи да учествува во разговор во кој искажува доживувања, чувства и факти;
- Да се оспособува самостојно да пишува текст на зададени теми;
- Да се поттикнува своите емоции да ги запише во стихови
- Да се оспособува да напише извештај за определен настан
- Да се оспособува да опишува предмет, природна појава, локалитет...

**Математика:**
Ученикот/ученичката
- Да се оспособува да прибира податоци
- Да се оспособува да претставува и чита податоци во табели и столбести дијаграми
- Да се оспособува да ги користи мерките за должина во претставување на одалеченоста на посетените места ( да ги запишува , пресметува и споредува)

**Општество:**
Ученикот/ученичката
- Да се запознае со природните убавини на својата татковина;

- Да се оспособат за забележување , опишување , размислување т.е. обработување на добиените податоци,градење ставови и формирање заклучоци,синтетизирање и аргументирање;
- Да се оспособи да составува прашања;
- Да се запознае со градби од минатото и сегашноста
- Да се запознае со ископини и остатоци од минатото
- Да се запознае со споменици на културата (спомен куќи, музеи...)

**Ликовно образование:**

Ученикот/ученичката

- Да се оспособува ликовно да ги изразува своите впечатоци
- Да се поттикнува да внесува повеќе детали при цртање од набљудување

**Музичко образование:**

Ученикот/ученичката

- Да се запознае се народните песни карактеристични за Охридско – Струшкиот предел
- Да се оспособи за пеење и свирење ( на блок флејта) на песната ,,Билјана платно белеше“

**Физичко и здравствено образование:**

Ученикот/ученичката

- Да се оспособи за трчање по нерамен терен, во природни услови
- Да се обучува за изведување штафетно трчање
- Да се ориентираат координирано во просторот

**Творештво:**

Ученикот/ученичката

- Да се оспособува да пишува различни форми на писмено изразување ( текст за честитка ..)

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ:**

Западна Македонија – градови, реки, планини, кањон, извор, езера, музеи, средновековни градби, цркви, манастири.

- собирање, селектирање и организирање на релативни податоци – извлекување на заклучоци;

- Собирање, селектирање и организирање на релативни податоци – бројни низи и табели за системско решавање на проблеми;
- Извлекува заклучоци од сопствените и податоците на другите и идентификува дополнителни прашања;

Воспитно образовните цели, задачите, содржините и активностите за време на наставата во природа, ќе се реализираат согласно распоредот на часовите за тие денови , како и целите од наставните програми.

**Распоред на часови**

| **Понеделник** | **Вторник** |
|---|---|
| **1.**Македонски јазик | 1.Македонски јазик |
| 2.Општество | 2. Ликовно обр. |
| 3.Ликовно обр. | 3.Математика |
| | 4.Физичко и здр.обр. |

| **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
|---|---|---|
| 1.Македонски јазик | 1.Македонски јазик | 1.Македонски јазик |
| 2. Опшество | 2.Музичко обр. | 2.Математика |
| 3.Физичко и здр.обр. | 3.Ликовно обр. | 3.Физичко и здр. |
| 4.Математика | 4.Математика | 4. Музичко обр. |
| 5. Творештво | | |

Часовите од редовната настава ќе се одржуваат во времето од 10 до 13.30 часот.
Организирано користење на слободното време е од 17 часот до 21.30 часот со игри, натпревари, квизови и прошетки до блиската околина.

**КОНКРЕТИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ**

**Македонски јазик**

1.Говорна и писмена вежба- ,, Моите впечатоци од патувањето до Охрид‘‘
2. Раскажување по доживеан настан – ,,Настанот што нема да го заборавам‘‘

3.Литературно творење за градот Охрид по набљудување
4.Читање на легенди за Охрид  и Охридското езеро
5. Обработка на текст ,, Приказна за галебот Арчибалд ‘‘

**Математика**
1.Собирање на податоци
2.Средување и претставување на податоци
3.Решавање на проблемски текстуални задачи со примена на мерки за должина и време
4.Проценување  и споредување на мерките за време
5.Решавање на проблемски задачи со извлекување заклучоци

**Музичко образование**
1.Обработка на песната Билјана платно белеше
2.Свирење (на флејта) по музички ноти на песната „Билјана платно белеше“
**Ликовно образование**
1.Сликање на блиската околина
2.Изработка на ликовни творби од природни материјали

**Општество**
1.Активности на географска карта
2.Изработка на туристичка карта

**Физичко и здравствено образование**
1. Меѓу одделенски натпревар во фудбал
2.Пешачење во блиската околина

**Творештво:**
1.Да се оспособува за правилно пишување на честитка

**Активности и методи:**

- Разгледување на прекрасната природа и фотографирање од страна на учениците за изработка на мал фото албум

- Посета на антички театар,Плаошник, Самоилова тврдина, црквата „„Св. Јован Богослов“-Канео, манастирот Св. Наум Охридски,црквата Св. Софија
- Разгледување на старата чаршија во Охрид
- Проект на тема: Туристичките локалитети ( албум со илустрации)
- Демонстративен метод- презентирање на изработките;
- Проектна настава: групен облик на работа-Изработка на проекти за одделни историски периоди;

**Наставни методи:**

- Демонстративна метода
- Набљудување
- Разговор
- Дијалошка – монолошка метода
- Текст
- Анализа
- Синтеза

**Наставни форми:**

- Фронтална
- Индивидуална
- Групна
- Во парови

**Наставни средства:**

- Географска карта на РМ
- Нема карта на РМ
- Флејта
- Фото апарати
- Блок
- Пастели
- Подлоги
- Прибор за пишување
- Прибор за цртање ( водени и темперни бои,четки,фломастери,дрвени боици)

- Ножички, лепак
- Работна тетратка

**Времетраење:** три дена
**Време на реализација:** април 2019 год.

**ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА**: Вевчански извори-Вевчани, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, црквата „Св. Јован Богослов“-Канео, куќата на Робевци, манастирот Св. Наум Охридски, црквата Св. Софија-Охрид .

**ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ:** Скопје – Охрид – Скопје.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО –ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА**

Обезбедувањето на основните услови за организирање на настава во природа како што се материјалните и кадровските, зависи од сите претходни подготовки кои се состојат од договарање помеѓу Министерството за образование и наука,организаторот на сместување ( заштита на децата,физичка и здрастевена заштита) и основно училиште

**МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ**

Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа задолжително треба да има најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно образование во Република Македонија.

**Финален продукт** :

Изработки, ученички трудови и книга за Охрид, кои ќе бидат изложени на училишното пано.

**Културно и забавни активности:**

1. Вечер на хумор и смеа;
2. Избор на најдобар глас;
3. Вечер на народни игри и модерен танц;
4. Квиз натпревар;

5. Игранка.

**Хигиена и здравје:**

1. Одржување лична и општа хигиена;
2. Норматив листа за јадења на здрава и разновидна храна значајна за раст и развој на учениците.

**Распоред на времето во текот на денот:**

1. Станување
2. Лична хигиена и уредување на спалните соби;
3. Утринска гимнастика
4. Појадок
5. Настава
6. Ручек
7. Време за одмор
8. Ужина и активен одмор
9. Вечера
10. Културно - забавни активности
11. Лична хигиена и спиење

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

- технички исправни, климатизирани автобуси,
- туристички водич
- придружба од лекар

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

**РАКОВОДИТЕЛ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:** Весна Павловиќ и Дијана Неделковска

**Одделенски наставници:**
Даниела Кириќ V1

Јагода Пејовска V2

Бети Алексова V3

Тулајде Раим V

Горица Стефковска V5

Јованка Дигаловска V6

Дијана Неделковска V7

Лидија Величковска V8

Весна Павловиќ V9

**Стручен тим во училиштето:**
**Директор : Алвин Салимовски**

**Педагог : Валентина Златановска**

**Психолок :Лоренса Демир**

**ПРОГРАМА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА**

**за шесто одделение Западна Македонија**

Врз основа на Член 34, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. бр. 103/08, 33/10, 116/110, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14) Министерот за образование донесе Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2019/2020 год. и со одлука на Училишниот одбор се изготви Програма за реализација на наставно-научна екскурзија со воспитно-образовен карактер за учениците од VI (шесто) одделение во учебната 2019/2020 година.

Екскурзија е форма на воспитно- образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето.Учениците имаат можност да се запознаат  со природните убавини и културно историските знаменитости на Р.Северна Македонија, традицијата и обичаите.

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2019/20 год. е регулирана активноста: организирање на екскурзија со учениците од VI одделение ,  со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците  да се развива другарство, почитување, интерес за природните богатства и културно-историското наследство, како и љубов кон природата.

Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на

екскурзиите.

**ПРОГРАМА ЗА ПАТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА**
**за шесто оделение-Источна Македонија**

**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**: два дена во Септември/Октомври 2019год или Април/Мај 2020год.

**МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ:** Велес , Штип,Струмица, Стар Дојран(прошетка покрај Дојранско Езеро, локалитет Стоби)

**НАСТАВНИ ТЕМИ:** Историско минато наР.С. Македонија ,природни убавини и одлики на Р.С. Македонија, запознавање со стопанство (индустриски објекти и процес на производство)

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

-Учениците непосредно (нагледно)да се запознаат со споменици кои сведочат за историското минато на Р.С. Македонија.
-Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природни убавини(одлики) на нашата држава.
-Учениците непосредно(нагледно) да се запознаат со објекти од стопанството на Р.С. Македонија и процес на производство.
- Учениците да развиваат позитивен однос кон националните, културните , индустриските и естетските вредности кои не опкружуваат .
-Учениците да го развиваат другарството и меѓусебната социјализација во средината во која живееме.

**ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ**

Учениците:

- ја познаваат природната средина и законитостите што влијаат во неа,
- ги познаваат природните убавини во Р.С. Македонија , поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- имаат позитивен однос кон животната средина,
- имаат чувство за одговорност и дисциплина,
- практикуваат другарување и меѓусебно почитување ,
- имаат позитивен пристап во комуникациите и подобри меѓусебни односи.

**АКТИВНОСТИ:**

**Поагање:**

**ПРВ ДЕН**

Поаѓање од Скопје во 8ч. со попатна посета на Спомен куќата на Кочо Рацин и на Јордан Хаџи Константинов- Џинот, во Велес. Продолжување и посета на Штип ,со фабриката за производство на чевли „Баргала“,патот продолжува кон Радовиш, каде што се посетува црквата св. Тројца.Продолжување кон Струмица со попатна посета на Смоларските и Колешинските водопади и манастирите Водоча и Вељуса.Разгедување на Струмица. Пристигање во приквечерието во Дојран, сместување во хотелот и вечера по која следи интерна забава за учениците.

**ВТОР ДЕН**

После појадокот следи разглед на градот, а потоа посета на Стар Дојран .Доколку дозволува времето и временските услови ќе се организираат спортски активности. Враќање на ручек во хотелот со краток пладневен одмор и поаѓање за Скопје. Попат ,во попладневните часови, предвидено е да се посети Демир Капија (посета на винарија Попова Кула), праисторискиот локалитет Стоби со краток одмор и се продолжува. Враќање во Скопје во 18 часот

**Стручниот тим на наставно-научната екскурзија за учениците од VI одд. го сочинуваат:**

Алвин Салимовски (директор)
Валентина Златановска (педагог)
Дијана ЉСтефановска (класен раководител)

Ирена Трајковска (класен раководител)

***НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА:***

***** Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите.

***** Во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

***ФИНАНСИРАЊЕ:***

***** Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

* Начинот на финанситрање се утврдува согласно договорот кој го склучува Директорот на училиштето со понудувачот

***ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА*:**

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси според Правилникот за посебни технички барања на возила со кои се превезуваат групи деца, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

***НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ:***

***** На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**ПРОГРАМА**

**ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИЗЛЕТИ ВО**

**УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

**ВО**

# ОУ„Браќа Рамиз - Хамид„Скопје

1. СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИ **ЕДНОДНЕВНИ ИЗЛЕТИ**

ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ **Место**: Чардак

**Одделение:** од II до IX одделение

**Цели :**

- стекнување на навики за престој и рекреација на чист воздух;
- рекреација и културно-уметничко изградување на учениците;
- посета на месноста Чардак;

**Задачи:**

1. Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
2. Поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
3. Социјализација, колективна заштита, развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење.

**Време на реализација:** Месец Октомври. Екскурзијата ќе се реализира во траење од 8 часа. Поаѓањето ќе биде од училиштево 8:00 часот. Пристигнувањето на Чардак биде во 9:00 часот.

**Локалитети за посета и правци на патување**: Скопје - Чардак и панорамско разгледување на попатната околина.

**Техничка организација:** Екскурзијата ќе се реализира со лиценцирана агенција која има искуство во реализирањето на ученички екскурзии.Превозот ќе биде со автобус, кој ја поседува потребната документација за техничка исправност. Агенцијата да има реалзирирано најмалку три ученички екскурзии и да има поволности за ученици кои се од социјално загрозени семејства.

**Начинна финансирање:** Самофинансирање од странана родителите.Преку јавна набавка се одбира туристичка агенција со најповолна цена на услугата и поволности за социјално загрозените семејства.

**Содржина и активности:** Чардак е излетничко место поволно за рекреација (пешачење,трчање), дружење (друштвени игри),панорамско разгледување на природата и околната средина, фотографирање во манастирскиот комплекси околната природа.

**2.** СПОРТСКО – РЕКРЕАТИВНИ **ЕДНОДНЕВНИ ИЗЛЕТИ**

ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ **Место**: Сарај

**Одделение:** од II доI X одделение

Цели :

- стекнување на навики за престој и рекреација на чист воздух;
- рекреација и културно-уметничко изградување на учениците;
- стекнување на навики за престој и грижа на природата

**Задачи:**

1. Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
2. Поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
3. Социјализација ,колективна заштита, развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење.

**Време на реализација:** Месец Мај. Екскурзијата ќе се реализира во траење од 8 часа.Поаѓањето ќе биде од училиште во 8:00 часот. Пристигнувањето во Сарај ќе биде во 9:00 часот.

**Локалитети за посета и правци на патување:** Скопје- Сарај и панорамско разгледување на попатната околина.

**Техничка организација:** Екскурзијата ќе се реализира со лиценцирана агенција која има искуство во реализирањето на ученички екскурзии. Превозот ќе биде со автобус, кој ја поседува потребната документација за техничка исправност. Агенцијата да има реалзирирано најмалку три ученички екскурзии и да има поволности за ученици кои се од социјално загрозени семејства.

**Начиннафинансирање:**Самофинансирање од странана родителите.Прекујавнанабавкасе одбира туристичка агенција сонајповолнаценанауслугатаиповолности засоцијално загрозенитесемејства.

**Содржина и активности:** Рекреација (пешачење,трчање), дружење (друштвени игри), панорамско разгледување на природата и околната средина,фотографирање во околната природа.

Изготвил:

- Горан Алексовски –наставник по физичко образование,
- Марјан Дишлиевски –наставник по физичко образование,
- Игор Митровски –наставник по физичко образование,
- Александар Јанчев - одделенски наставник,
- Азра Смајовиќ –одделенски наставник

**Раководителна екскурзијата: Горан Алексовски**

**План за изведување на набљудувања и посети на знаменитости и установи**

**Набљудувања:**

- Набљудување на местото на живеење
- Набљудување на природата
- Набљудување на сообраќајот

**Посети:**

За поадекватно реализирање на наставниот план и програм, за полесно осознавање на наставните планови и содржини планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и млади
- Универзална Сала
- Музеј на град Скопје, Музеј на жртвите на холокаустот
- Музеј на ВМРО
- Библиотека "Другарче"
- Саем на книгата
- Етнолошки и природо - научен музеј
- Изложби и галерии
- Посета на пештера Врело
- Црква Св. Спас и Даут- Пашин амам
- Археолошки музеј на РМ
- Јаја Пашина џамија

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општина Гази Баба, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните

активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции од интерес за наставата: пошта, ЗОО, Аеродром, Железничка станица

- Посета на метеоролошка станица
- Посета на Планетариум
- Културни манифестации – Златно Славејче
- Новогодишна претстава
- Посета на градот Скопје и неговите знаменитости
- Посета и запознавање со работата на општината
- Посета на дом за деца без родители
- Посета на дом за стари и изнемоштени лица

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми. Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења. Меѓу другите цели се и:

**Цели:**

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насока на: - лично обраќање кон други луѓе ;
  - приспособување на говор во дадена ситуација;
  - културно однесување со други луѓе;
  - еколошко однесување.
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на театар, претстава;
- да се развива позитивен однос и почитување на различни професии;

- запознавање со училишната средина;
- да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;
- да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- да ги спознава правилата за безбедно движење;
- да може безбедно да се движи во локалната средина;
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина.

| **Планирани активности** | **Време на реализација** | **Учесници во реализацијата** |
|---|---|---|
| - посета на театар за деца и младинци; - посета на Драмски театар; | според НПП<br>според НПП | **I – V** |
| - посета на Македонската опера и балет; | според НПП | **VI – IX** |
| - посета на концерт на Македонската филхармонија; | според НПП<br>Април | **IV – IX**<br>**V – IX** |
| - изработка на маски | Според НПП | **III – VII** |
| - посета на музички фестивали и манифестации; | Според НПП за Музичко образование | **I – IX**<br>**VI – IX** |
| - посета на МБУЦ; | | **I – IX** |
| - посета на кино претстави; | Во соработка со градски кина | |
| - посета и соработка со хорови и | | |

| | | |
|---|---|---|
| оркестри од други училишта; | Според НПП | **VI – IX** |
| - посета на културно-историски споменици, стари градби, археолошки објекти; | Според НПП<br>Според НПП | |
| - посета на културно-историски и природно-научни музеи; | Според НПП | **I – IX** |
| - посета на галерии и изложбени салони; | | **I – IX** |
| - посета на библиотеки (Градски и Универзитетска); | | **I – IX** |
| - посета на новинска редакција или издавачка куќа (“Вест” и ” Просветно дело”) | По договор со куќите<br>Според календарот на Скопски Саем | **II – IX**<br>**IV – IX** |
| - организирана посета на саемски манифестации (книга и либрографика, туризам...); | Според НПП | **III – IX** |
| - посета на автобуска, железничка станица, аеродром, крстосница, жичарница, пошта; | | |
| - посета на РХМЗС; | | **II – V** |
| - посета на пештера Врело; | | **VI – IX** |
| - посета на Зоолошката градина и Природно-научен музеј | | **I – V** |

| | | |
|---|---|---|
| - посета на расадник,<br>- посета на стопански објекти, производни погони, градски пазар и други трговски објекти;<br>- посета на месна заедница, посета на општина и канцеларијата на градоначалникот;<br>- посета на отворени денови на македонското собрание;<br>- посета на дом за деца без родители - посета на дом за стари и изнемоштени лица<br>- учество на традиционален крос и други спортски активности | Април/Мај Октомври/Мај<br>Според НПП<br>Според НПП<br>Според календарот на Собранието<br>Нова Година/Бајрам<br>Нова Година/ Бајрам /8 Март<br>тековно | **II – IX**<br>**III – V**<br>**I – IX**<br>**I - IX** |

***<u>Програмата за екскурзија ја подготовил:</u>***

*Претседател Валентина Златановска – Педагог*

*Одговорните на активи од I – IX одд.*

**Годишна програма за работа на Ученичката заедница на ОУ „Браќа Рамиз-Хамид“ Шуто Оризари, Скопје, во учебната 2019 - 2020 година**

| Ред.бр | Цели и задачи | Активности | Време на реализација | Носители | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Конституирање на ученичката заедница и избор на членови во одборот на заедницата (претседател, секретар, благајник и два члена). | -разговор за критериумите за избор, предлози и гласање за предложените ученици | Септември | членовите на ученичката заедница со наставникот | |
| 2. | Ангажирање на учениците во додатната и дополнителната настава, како и во некои други активности во училиштето. | прибирање податоци за потребите на учениците и нивниот ангажман | Октомври | членовите на ученичката заедница со наставникот, педагог, психолог | |
| 3. | Разгледување на резултатите за постигнатиот успех на учениците во текот на првото тримесечие од оваа учебна | читање на податоците и | | членовите на ученичката заедница со наставникот | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | година и оценка на истиот. | дискусија | Ноември | | |
| 4. | Изнаоѓање форми за помош на учениците кои имаат потешкотии со совладување на содржини по одделни предмети | разговор, предлози, дискусија | Декември | членовите на ученичката заедница со наставникот | |
| 5. | разговор за прославување на Новата година во училиштето | декорирање на училниците, разговор, | Декември | членовите на ученичката заедница со наставникот | |
| 6. | Разгледување на постигнатиот успех во текот на првото полугодие | самопроцена и разговор, предлози | Јануари | членовите на ученичката заедница со наставникот | |
| 7. | Разгледување тековни проблеми, разговор за подобрување на успехот во текот на второто полугодие | дискусија, разговор | Февруари | членовите на ученичката заедница со наставникот | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Дискусија за начинот како да се зачува внатрешниот простор на училиштето-ентериерот | разговор и сугестии како да се развива еколошката и естетската свест кај младите | Март | членовите на ученичката заедница со наставникот. | |
| 9. | Информации за општинските натпревари и можност за учество во истите | изнесување информации, разговор како до подобри резуллтати | Април | членовите на ученичката заедница со наставникот. | |
| 10. | Разгледување на програмата за одбележување патрониот празник на училиштето | разговор за придонесот што можеме да го дадеме за достоинствено одбележување на тој ден. | Април | членовите на ученичката заедница со наставникот | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **11** | Изнесување на информации во врска со награди, укори, казни | релација на соодветност меѓу прекршоците и соодветните казнени мерки | Мај | членовите на ученичката заедница со наставникот | |
| **12** | Изработка на извештајот за работата на ученичката заедница | дискусија | Јуни | членовите на ученичката заедница со наставникот. | |

# Програма за соработка со локалната средина и заедницата во учебната 2019/2020 год.

ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Соработка со основни и средни училишта | Посета на основни и средни училишта | Наставници,ученици и стручна служба | Стручна служба | континуирано | Развивање на соработка со сродни институции |
| Соработка со БРО и МОН; и Филозофски факултет | Прибирање на информации и податоци за потребите на училиштето | Наставници, ученици и стручна служба | Стручна служба | континуирано | Развивање на соработка и стекнување искуства |
| Соработка со Центар за социјални работи,П.С. Шуто Оризари | Разговор со стручни лица и посети | Наставници, ученици | Стручна служба | континуирано | Прибирање податоци и запознавање со работата на институциите |
| Соработка со невладини организации | Разговор со стручни лица и посети | Наставници,ученици | Стручна служба | континуирано | Развивање на соработка и стекнување искуства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Соработка со Поликлиника Чаир и Поликлиника Шуто Оризари | Реализирање на стоматолошки и систематски прегледи. | Наставници и ученици | Стручна служба | континуирано | Зголемување на нивото на здравствена заштита на учениците. |
| Соработка со театри, кина, музеи, ДКЦ-Карпош | Посети,следења,разговори,натпревари | Наставници и ученици | Наставници и стручна служба | континуирано | Да се развива јавна и културна свест кај учениците. |

Претседател: Ахмед Кадри

Заменик претседател: Амела Хаки

## Програма за грижа за здравјето на учениците за учебната 2019/2020 год.

| Цели и задачи | Активности | Носители | Време на реализација | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање на учениците со честите заразни болести | -Информирање и одбележувањето на неделата на борба против туберкулоза (14-21 септември) | -Одделенските наставници<br>-Стручната служба<br>-Членови на подмладокот на Црвениот крстпри ОУ,,Браќа Рамиз – Хамид”. | Септември | |
| Правилно одржување на личната хигиена кај учениците во училиштето<br><br>-информација за разликата меѓу грип и настика | -Активности за подигнување на личната и општата хигиена на учениците<br>-Информации за различните типови на грип (птичји,свински ) | -Одделенските наставници<br>-Членови на подмладокот на Црвениот крст при ОУ,,Браќа Рамиз – Хамид”. | Октомври | |
| Подготвување на учениците да ги препознаваат<br><br>симптомите на алкохолизмот и наркоманијата<br><br>-Запознавање на | -Здравствено предавање и вклучување<br><br>активностите во ,,Месецот за борба против пушењето,алкохолот и наркоманијата,, | -Одделенските наставници<br>-Членови на подмладокот<br><br>на -Црвениот крст при ОУ Браќа Рамиз-Хамид | Ноември<br><br>Ноември | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| учениците со последиците од најчестите пороци | | | | |
| Информирање на учениците за животот на лицата болни од СИДА | -Недела на борба против сидата(1-7 декември)<br>-Предзнаења за сидата - работилници | -Одделенските наставници<br>-Членови на подмладокот на - Црвениот крст при ОУ Браќа Рамиз-Хамид | Декември | |
| -Подготвување научениците како да се справуваат со честите настинки | Типизирани предавања за настинка | -Одделенските наставници<br>-Членови на подмладокот на Црвениот крст. | Јануари-Февруари | |
| -Информирање за ракот како заболување како и вклучување во некои акции по потреба | Недела на борба против ракот(1-7 март) | -Членови на подмладокот на Црвениот крст при ОУ Браќа Рамиз-Хамид Здравствен дом | Март | |
| Информирање за заштита од заразната жолтица | -По повод меѓународниот ден на здравјето(7 април) следат предавања за заразната жолтица | Одделенските наставници Членови на подмладокот на Црвениот крст при ОУ Браќа Рамиз-Хамид | Април | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учиме како да се заштитиме од заушките | Предавања во врска со заразните заушки | Одделенските наставници Членови на подмладокот на Црвениот крст при ОУ Браќа Рамиз-Хамид | Мај | |
| Имунизација на учениците | Вакцинирање на учениците | Поликлиника Шуто Оризари, наставници, | Континуирано | |
| Контрола на личната имунизација | - дали го вакцинирате навреме вашиот организам? | Наставници Членови на подмладокот на Црвениот крст при ОУ Браќа Рамиз-Хамид | Јуни | |
| Напомена: Програмата може да претри промени во зависност од потребите и состојбите | | | | |

Изработил: педагог Валентина Златановска

## Програма за одбележување на значајни датуми во учебната 2019/2020 година

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Прием на првачиња | Приредба | Наставници од одделенска настава и ученици од II до V одд. | 1-ви Септември | Запознавање на новопримените ученици со училиштето | Развивање позитивен став кон училишето |
| 2 | Ден на независноста на Р. Македонија | Читање реферат | Ученици од предметна настава и наставникот по историја | 8-ми Септември | Запознавање на учениците со нашата земја | Развивање на патриотски чувства |
| 3 | Ден на учителот | Литературен и ликовен конкурс и читање реферат | Сите ученици | 5-ти Октомври | Развивање љубов и почит кон делото на учителот | Почитување трудот на наставникот |
| 4 | Ден на востанието на македонскиот народ | Литературен и ликовен конкурс;читање реферат | Сире ученици и наставници | 11-ти Октомври | Запознавање на учениците со македонската историја | Развивање на патриотски чувства |
| 5 | Ден на револуционерната борба на македонскиот народ | Читање реферат | Сите ученицииии наставници | 23-ти Октомври | Запознавање на учениците со македонската историја | Развивање на патриотски чувства |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Свети Климент Охридски | Читање реферат; ликовен конкурс | Сите ученици | 8-ми Декември | Запознавање на учениците со почетоците на македонската писменост | Осознавање на значењето на делото на Св.Климент Охридски |
| 7 | Одбележување на Нова година | Работилница и продажна акција; изработка на украсни паноа | Сите ученици и наставници | 31-ви Декември | Создавање позитивна атмосфера | Развивање чувство за хуманост |
| 8 | Денот на жената | Изрботка на честитки, литературен и ликовен конкурс | Сите ученици и наставници | 8-ми Март | Развивање почит кон жената | Запознавање со правата на жената |
| 9 | Велигден | Работилница и продажна акција; изработка на украсни паноа | Сите ученици и наставници | | Создавање позитивна атмосфера, запознавање на учениците со значењето на празникот | Развивање чувство за хуманост;Познавање на значењето на празникот |
| 10 | Ден на трудот | Читање реферат | Сите ученици и наставници | 1-ви Мај | Запознавање на учениците со светската историја | Правата на работниците од историски аспект |
| 11 | Денот на Европа | Читање реферат;литературен и ликовен конкурс;разни | Сите ученици и наставници | 9-ти мај | Запознавање на учениците со | Познавање на историјата на Европа |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | манифестации | | | историјата на Европа | |
| 12 | Денот на училиштето-Меѓународниот ден на Ромите | Читање реферат;литературен и ликовен конкурс;разни манифестации | Сите ученици и наставници | 8-ми Април | Одбележување на Меѓународниот ден на Ромите | Развивање почит и познавање на историјата на Ромите |
| 13 | Ден на македонските просветители | Читање реферат; литературен и ликовен конкурс; разни манифестации | Сите ученици и наставници | 24-ти Мај | Запознавање на учениците со животот и делото на македонските просветители | Развивање почит кон нивното дело |

Изработил: педагог Валентина Златановска

**ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

| ЦЕЛИ | СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика<br>За ненасилно однесување со примена на резилентниот пристап во работата со учениците. | Формирање на тим за превенција од насилство<br><br>Изготвување на годишна програма за работа на тимот. | Стручни соработници<br><br>Одд. Наставници<br><br>Одд.раководители | Август | Успешна реализација на планираните активности |
| Запознавање со бројот на ученици кои имаат потреба од помош, како и ученици кои ќе ни бидат поддршка во превенцијата од насилство. | Разговори со одд.наставниците од одделенска и предметна настава.<br><br>Работни средби на ниво на активи. | Стручни соработници<br><br>Одд. Наставници<br><br>Одд.раководители | Септември | Формирање на Клуб за превенција од насилство формиран од ученици од VIII и IX одделение. |
| Детектирање на учениците кои имаат потреба од користење на резилентен пристап во работата со нив, со цел да им се помогне да ги надминат потешкотиите во однесувањето и меѓусебната | Разговори со наставниците,<br><br>Разговор со учениците,<br><br>Разговор со родителите | Одделенските раководители.<br><br>Стручните соработници | Во тек на годината | Подобрување на нивното однесување и меѓусебно комуницирање. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| комуникација. | | | | |
| Формирање на мали работни групи, со кои низ слободни ученички активности, од областа на литературата,уметноста и др., ќе се одржуваат работилници со цел да се зголеми стабилноста кај децата и да се креира поволна клима. | Изработка на литературни творби, ликовни творби, разновидно креативно изразување и сл. | Одд.наставници.<br><br>Наставници по македонски јазик и ликовно образование. | Во текот на годината | Подобрување на соработката помеѓу самите ученици, практикување на ненасилно решавање на настанатите конфликти. |
| Запознавање на наставниците за примена на резилентниот пристап при превенцијата од насилство. | Спроведување на интерни обуки, како и дисеминации по проследени обуки од областа на превенција на насилното однесување. | Тимот за превенција од насилство | Во текот на годината | Подобрување на превенцијата од насилното однесување кај учениците. |
| Збогатување на знаењета и компетентностите на наставниците и стручните соработници од областа на превенција од насилство. | Соработка со локалната заедница и релевантните институции од областа на превенција од насилство.<br>Продолжување на соработката со СВР – Скопје, Првата Детска Амбасад ,, Меѓаши"и други. | Тимот за превенција од насилство,<br>Наставници,<br>Ученици,<br>Родители | Во текот на годината | Повисоки постигања во ненасилното решавање на конфликтите и меѓусебното почитување и соработка. |
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за превенција од насилното однесување. | Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на предвидената програма за работа.<br>Изготвување на развоен план за работа во идната учебна година. | Тимот за превенција од насилство, | Јуни | Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели. |

Тим за превенција од насилство:

директор – Алвин Салимовски
педагог- Валентина Златановска
психолог – Лоренса Демир
дефектолог – Емир Кадри
одд.наставник – Сузана Петровска
одд.наставник – Амра Незири
одд.наставник – Елена Алуловска
пред.наставник – Бранка Крајчевска
пред.наставник – Мирослав Андреевски
пред.наставник – Радица Бошњакоска

**Напомена :**

**Оваа програма може да претрпи промени во смисла на дополнување и проширување во текот на учебната година, зависно од идеите и потребите на учениците и наставниците.**

**Програма за професионална ориентација**

**за учебната 2019 / 2020 год.**

Целта на професионалната ориентација е да им се помогне на учениците да се одлучат да го продолжат школувањето и да се насочат кон професиите,кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички способности и во која професија ќе имаат најмногу изгледи за добра прилагоденост.

Процесот на професионална ориентација е сложен процес и во себе ги содржи следниве фази:

-професионално информирање

-професионално советување

-евалуација-следење на остварената советување

**Професионално информирање**

Целта на професионалното информирање е ученикот да се запознае со сите релевантни карактеристики и особености на професијата која би можел да ја избере.

**Професионално советување**

Професионалното советување е психотераписки процес со кој се дејствува врз формирањето на личноста на ученикот и се применува континуирано низ целото основно образование,со особено акцентирање во осмото одделение.

**Евалуација-следење**

Третата фаза на професионалната ориентација се одвива во периодот кога учениците не се веќе во основното училиште туку во некои од средните училишта,каде што се продолжува со следење на учениците

***П Р О Г Р А М А***
***З А  П Р О Ф Е С И О Н А Л Н А  О Р И Е Н Т А Ц И Ј А***

| ***Ред. бр.*** | ***Активности од професионална ориентација*** | ***Целна група*** | ***Ресурси*** | ***Реализатори Соработници*** | ***Време*** |
|---|---|---|---|---|---|
| ***1*** | Изработување на програма за професионална ориентација | Ученици од IX одд. | Стручна литература | Стручна служба | Септември |
| ***2*** | Запознавње на одделенските заедници во девето одделение со програмата за работа на професионално ориентирање | Ученици од IX одд. | Стручна литература | Одделенски раководители во одд. | Октомври |
| ***3*** | Ликовно творештво на тема: Моето идно занимање | Ученици од IXодд. | Ученици | Стручна служба | Октомври |
| ***4*** | Избирање на најуспешните трудови и подготвување училишно пано ,,Моето гледање кон иднината” | Ученици од IX одд. | Ученици | Стручна служба | Ноември |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***5*** | Работилница „Мојата идна професија„ | Ученици од IXодд. | Стручна литература | Наставници Стручна служба | Февруари |
| ***6*** | Информирање за конкурсот за запишување во средните училишта на одделенски час | Ученици од IX одд. | Конкурсот од МОН | Стручна служба. | Март |
| ***7*** | Спроведување на прашалник за професионални интереси | Ученици од IX одд. | Прашалник за професионални интереси | Стручна служба | Април |
| ***8*** | Писмен состав на тема: Сакам да бидам | Ученици од IXодд. | Ученици | Стручна служба Наставници по македонски јазик | Октомври |
| ***9*** | Советодавна работа со ученици и родители околу запишувањето | Ученици од IXдд. | Конкурсот од МОН и резултати од спроведен тест или прашалник | Стручна служба | Мај |
| ***10*** | Презентацијаодсреднитеучилишта | Ученици од IXодд. | Плакати, флаери | Професори од средни училишта | Мај |
| ***11*** | Поставување на Конкурсот за запишување во средните училишта на огласна табла | Ученици од IX одд. | Конкурсотод МОН | Стручна служба | Мај |
| ***12*** | Поставување плакати за средните училишта и поделба на флаери за информирање на учениците за средните училишта | Ученици од IX одд. | Плакати, флаери | Стручна служба | Мај |

Заклучок: Со професионалната ориентација во основното образование ќе се овозможи учениците полесно ќе можат да се ориентираат и да го продолжат образованиео во средните училишта.Активностите на тимот за професионална ориентација,многу ќе влијае врз продолжувањето на понатамошното образование во средните училишта

Изработил :

Претседател: педагог - Валентина Златановска

Предметен наставник: предметен наставник - Радица Бошњакоска

| **Членови на МИО тим** | |
|---|---|
| **Директор** | Алвин Салимовски |
| **координатор** | Соња Кирковска одделенски наставник |
| **Членови** | Екрем Јашар<br>Тулајде Раим<br>Маја Ничевска<br>Билјана Кртолица<br>Дениз Османи |
| **Стручни соработници** | Валентина Златановска – педагог<br>Лоренса Демир – психолог<br>Емир Кадри – специјален едукатор и рехабилитатор |

**План за унапредување на МИО во учебната 2019/2020 година**

| **Приоритетен индикатор** | **Цели** | **Стратегии и акции** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| **Подрачје 1: Училишна клима и односи во училиштето** | | | |
| **Индикатори со пониска оценка како приоритет за подобрување** | | | |
| 1. Организацијата и атмосферата на училиштето ги поддржуваат целите и вредностите на училиште што ја промовира меѓуетничката интеграција Сликовниот и пишаниот материјал што е изложен во холот и другите простори во училиштето содржи елементи кои се однесуваат на различностите по етничка и друга основа и на тој начин го отсликуваат мултикултурниот/ мултиетничкиот карактер на Р. Македонија;<br><br>Училиштето навремено | -училиште со иконографија во духот на мултикултура<br>-навремена и целосна информација до сите ученици<br>-заемна почит и соработка помеѓу учениците од различни етнички заедници<br>-изработка на кодекс на однесување во духот на МИО<br>-подеднаквост во застапеноста на учениците во реализација на наставни и воннаставни активноати<br>-училиште во кое сите ученици ќе | -Работилници организирани на одделенските часови<br>-акции за уредување училишниот простор со пишан сликовит материјал<br>-транспарентност во излагањето на информации (поставување на огласна табла, изработка на брошура ,летоци, веб страна...) | IX-V |

| | | | |
|---|---|---|---|
| и целосно ги информира сите ученици за работите кои се од нивен интерес и тоа најчесто го прави во пишана форма (со посредство на огласна табла, брошура, леток, годишен информатор, вебстраница);<br><br>Етичкиот кодекс/кодексот на однесување содржи почитување на вредностите за МИО, заемна почит и соработка;<br><br>Во изработката на етичкиот кодекс учествуваат претставници од сите структури и етнички заедници во училиштето, а усвојувањето е низ демократска процедура;<br><br>Училиштето презема координирани постапки со кои подеднакво ги | бидат безбедни(заштита од физичка и психичка повреда) | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| застапува интереситена сите ученици во училиштето, без оглед на нивната етничка и полова припадност; Обезбедени се основни предуслови за безедност на сите ученици (заштита од физичка и психичка повреда). | | | |
| **Родителите и членовите на заедницата соработуваат и се вклучени во активности за унапредување на МИО** Родителите учествуваат во работата на Училишниот одбор и други тела кои одлучуваат или имаат советодавна улога.<br><br>Членовите на Советот на родителите активно се вклучени и соработуваат во текот на планирањето и реализацијата на активностите за МИО | -вкучување на советот на родителите во активностите на МИО<br>-спроведување на активности во соработка со родителите<br>-спроведување на активности во соработка со локалната заедница | -изготвување на трибини,квизови ,работилници | IX-V |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Училиштето планира и организира активности за запознавање на сите родители со МИО.<br><br>Училиштето ги вклучува родителите при реализацијата на ученичките активности за МИО (преку работа на проекти/секции, во спроведување на акции приредби/прослави или други настани и сл.);<br><br>Идеите и сугестиите на родителите се добредојдени и се почитуваат; Училиштето активно соработува со локалната заедница на заеднички проекти за унапредување на МИО. | | | |
| **Училишниот кадар соработува и учествува во планирањето, реализацијата и самопроценката** | Сите во училиштето активно да учествуваат во планирање на активностите за | -изготвување на училишни тимови за спроведување на трибини,квизови ,работилници | IX-VI |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **на МИО активностите**<br>Сите во училиштето активно учествуваат во планирање на активностите за унапредување на МИО и даваат значаен придонес во нивната успешна реализација и одржливост; Наставниците работат во тимови и меѓусебно се поддржуваат во реализација на активностите за МИО;<br><br>Училиштето прави самопроценка за напредокот на реализацијата на активностите на МИО на ниво на училиште според која се одредуваат приоритети за натамошен развој; Раководниот тим соработува и комуницира со целиот кадар и гради чувство на заедништво во работата. | унапредување на МИО и да дадат значаен придонес во нивната успешна реализација и одржливост; | | |

| **Подрачје 2: Управување, раководење и училишни политики/процедури** | | | |
|---|---|---|---|
| **Индикатори со пониска оценка како приоритети за подобрување** | | | |
| **Училишните политики/процедури ги отсликуваат вредностите на МИО** Во училиштето мисијата и визијата ја отсликуваат заложбата за меѓуетничка интеграција во образованието.<br><br>Училиштето има јасни политики/процедури за почитување на вредностите за МИО – сите во училиштето се запознаени со нив и се обврзани да ги почитуваат и соодветно да реагираат во случаи на отстапување;<br><br>Сите училишни политики/процедури вклучуваат вредности за заедничко живеење, рамноправен третман, еднаков пристап до квалитетно образование | -мисија и визија на мултиетничко училиште<br>-политиката на работење во училиштето да биде во духот на надминување на сите форми на дискриминација | -Во праграмита за работа да биде вклучени содржини каде ке бидат испочитувани МИО вредностите,какои содржини во кои ќе има јасни напатствија како да се регира кога нема да бидат испочитувани истите<br><br>-На наставничките совети како и на други дополнителни состаноци се следат поснигнувањета и се надополнуваат активности во зависност одпотребите<br>-Советот на родители континуирано се информира за наставните и воннаставните активности на МИО | IX-VI |

| | | | |
|---|---|---|---|
| за сите ученици и мерки за заштита од сите форми на дискриминација (пол, раса, етничка или верска припадност, способност и др.); | | | |
| **Воспоставена е структура за поддршка на континуирано унапредување на МИО во училиштето**<br><br>Активностите за унапредување на МИО се вклучени во Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето;<br><br>Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики во кои се афирмира меѓуетничката интеграција во образованието;<br><br>Раководниот орган на училиштето ги спроведува училишните политики во кои се афирмира | -МИО активностите во сите сегменти на училишната работа | -Изготвување на тимови за вклучување на МИО активности(годишна програма ,развоен план)<br>-континуирано известување на училишниот одбор и локалната заедница за активностите со МИО<br>-МИО работилници каде ке учествуваат преставници од локалната заедница,училишниот одбор,советот на родители | IX-VI |

| | | | |
|---|---|---|---|
| меѓуетничката интеграција;<br><br>Активностите за унапредување на МИО во Развојниот план на училиштето се ревидира на годишна основа;<br><br>Тимот за училишна интеграција (СИТ-от) редовно одржува состаноци за планирање, следење и проценка на ефектите од активностите на МИО;<br><br>Сите структури во училиштето се активно вклучени во одредување на приоритети при планирање на активности за унапредување на МИО. | | | |
| **На редовна основа се собираат различни податоци за да се** | -водење на целосна евиденција наМИО | -Изготвување на портфолија за училишната работа | IX-VI |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **следи успехот во реализацијата на МИО и да се одредат развојни приоритети**<br><br>Училиштето (во координација на СИТ- от) води евиденција на целокупната документација од реализација на активностите за МИО;<br><br>Училиштето (во координација на СИТ- от) систематски ги документира, анализира и споделува согледувањата од самоевалуациијата и рефлексијата на наставниците од реализација на активностите на МИО (според формуларите дадени во Процедурата за сертификација за МИО);<br><br>СИТ-от повремено се состанува со Тимот за професионален развој | активностите<br>-рефлексија на реализирани МИО активности<br>-координирано работење на тимот за СИТ и тимот за професионален развој<br>-училишниот одбор активно го следи работењето на СИТ-от | -Состаноци каде што ке биде транспарентно презентирана работата на СИТ-от | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| за да ги сподели согледувањата во врска со унапредувањето на МИО.<br><br>Училишниот одбор има донесено план за следење на активностите за МИО. | | | |
| **Подрачје 3: Настава и учење и компетенции на наставниците за практична примена на МИО** | | | |
| **Индикатори со пониска оценка како приоритети за подобрување** | | | |
| **Наставниците користат различни педагошки приоди и практики за промовирање на МИО**<br>Се користат методи на активно и искуствено учење (дијалог, дискусии во мала и голема група, играње улоги, демонстрација и симулации, анализа на текстови или ситуации, драмски/тетарски претстави).<br><br>Наставниците користат стратегии кои бараат соработка и кооперативно учење од | Сите наставници да имплементираат МИО вредностите користејќи разни методи,стратегии и ресурси со кои учениците ке покажат поголеми резултати | Примена на разни педагошки приоди и пракси:дијалог, дискусии во мала и голема група, играње улоги, демонстрација и симулации анализа на текстови или ситуации, драмски/тетарски претстави | IX-VI |

| | | | |
|---|---|---|---|
| учениците; Наставниците користат различни ресурси за да ги унапредуваат своите практики за МИО. | | | |
| **Наставниците употребуваат различни приоди на следење и проценка на напредокот кај учениците за МИО** Наставниците го следат напредокот на развивање на компетенциите на учениците за МИО, им даваат повратни информации и ги поттикнуваат/насочуваа т практично да ги применуваат овие компетенции;<br><br>Учениците се поттикнуваат на рефлексија и проценка на сопствените искуства и доживувања од МИО активностите. | Примена на разни приоди во следењето на напредокот на учениците Давање на конкретни развојни усни и писмени информации за напредокот на учениците | следење,набљудување, поттикнување,насочување | |
| **Професионален развој на училишниот кадар за унапредување на** | -континуираноот онаму каде што е птребно<br>-сертифицирање на | работилници,ментор ски средби, средби со | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **МИО**<br><br>Училишниот кадар редовно учествува во програми за професионален развој на ниво на училиштето или надвор од него со цел продлабочување на компетенциите за МИО; Членовите на СИТ-от и друг искусен кадар се ангажирани во улога на обучувачи и во улога на ментори за поддршка на колегите (се користат разни форми на професионален развој: работилници, менторирање, заедници за учење, набљудување на активности, акциски истражувања);<br><br>Наставниците се сертифицираат за стекнатите компетенции за практична примена на МИО;<br><br>Наставниците водат | наставници од страна СИТ-от менторстви,следења и обуки од страна на СИТ-<br>-Наставни портфолија за МИО во кои стојат докази од учество во активности за професионален развој за МИО, реализирани активности и белешки од рефлексија/анализа од реализираните активности;<br>-Лични планови за професионален развој на училишниот кадар кои вклучуваат дополнувања и надоградувања на компетенциите за МИО | членови од училишен одбор,совет на родители.. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| портфолио за МИО и собираат докази од учество во активности за професионален развој за МИО, реализираниактивности и белешки од рефлексија/анализа од реализираните активности;<br><br>Личните планови за професионален развој на училишниот кадар вклучуваат дополнувања и надоградувања на компетенциите за МИО. | | | |

Изработил тимот на МИО

Програма на ЕКО ОДБОР за учебната 2019-2020 година

| ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на Еко одбор во училиштето и донесување на програма за работа; | Активирање на учениците и наставниците во реализирањето на проектот | Наставници; ученици | Септември | Зголемување на личната одговорност; подигање на еко-свеста; |
| Информација за Советот на родители за активностите на Еко училиште | Активирање на родителите во реализирањето на проектот | Наставници | Октомври | Зголемување на личната одговорност; подигање на еко-свеста кај родителите |
| Одредување на еко катче и поставување на еко огласна табла | Видно место во училиштето каде посититетелите може да ги видат активностите на еко училиштето | Директор, координатор, претседател наеко одборот | Септември | Уредено Еко катче |
| Избирање на еко кодекс | Да се напише еко-кодекс и да се изложи на еко огласна табла; | ученици; еко комисија | септември | Напишан Еко кодекс и изложен на еко таблата |
| Формирање на еко патроли | • Вклучување на учениците во Еко-патроли секое одделение избира свои претставници и патролите се менуваат секоја седмица.<br>• Запознавање на еко-патролите со задачите кои треба да ги реализираат | Ученици., Настевници | Септември-Октомври | Подигање на еколошката свест; зголемување на личната одговорност; |
| Воведни предавања за: енергија, отпад, вода, уреден и еколошки двор, внатрешна средина и транспорт | Запознавање на учениците со дадените теми; | Наставници; | Октомври | Подигање на еко свеста; подготвеност за идните проектни активности; |
| Месечен извештај за спроведените активности; поставување на цели и планирање на активности за наредниот месец; | Согледување на успешноста на реализираните активности; | Наставници; ученици; | Еднаш месечно во периодот од октомври до јуни; | Успешна реализација на програмата за работа; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Интегрирање на еколошките теми во наставната програма | Реализирање на еко содржини во редовната настава по сите предмети во текот на учебната година | Наставници; ученици; | Во текот на целата учебна година | Подигање на еколошката свест; зголемување на личната одговорност; |
| Изработка на постери и налепници за кампања во училиштето; Изработка на еко весник | Укажување на учениците и наставниците за постоечките еколошки проблеми; | Наставници; ученици; | Во текот на целата година; | Зголемување на личната одговорност за зачувување на животната средина; |
| Запознавање со методологијата за анализа на состојбата во училиштето во врска со создавањето на отпад, потрошувачката на енергија и вода, (анкетирање, интервјуирање…) | Едуцирање на учениците за проценка на тековната состојба во училиштето и за спроведување на анкети и интервјуа; | Наставници; | Октомври | Подготвеност за снимање на тековната состојба; |
| Спроведување на анкетите и интервјуата; | Проценување на моменталната состојба во училиштето; | Наставници; ученици; | Октомври | Сознанија за моменталната состојба во училиштето; |
| Снимање на тековната состојба во училиштето во врска со создавањето на отпад, потрошувачката на енергија и вода.... | Согледување на состојбата со создавањето на отпад; потрошувачката на вода и енергија | Наставници; ученици; | Октомври- Јуни | Континуирано следење на промените на состојбата со отпадот; енергијата, водата, уреден и еколошки двор, внатрешна средина и транспорт |
| Анализа на спроведените анкети и интервјуа; | Проценување на моменталната состојба во училиштето; | Наставници; ученици; | Ноември; | Сознанија за моменталната состојба во училиштето; |
| Изработка на проекти за рационално трошење на: енергија, вода, намалување на отпад... | Подобрување на состојбата во училиштето и подигање на еколошката свест; | Наставници; ученици; | Декември; | Рационална употреба на енергија, вода,намалување на отпад,... |
| Подготовка и едукација на останатите ученици во училиштето; | Подобрување на однесувањето на учениците; | Наставници; ученици; | Во текот на целата година; | Подигање на еколошката свест; зголемување на личната одговорност; |
| Одбележување на значајните датуми од областа на екологијата | Еколошка едукација на учениците и поширокатa заедница; | Наставници; ученици; | Во текот на целата учебна година | Подигање на еколошката свест; зголемување на личната одговорност; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вклучување на Водовод и канализација, Комунална хигиена и др. во училишните еко активности; | Соработка со институциите во поширокаата заедница; | Наставници; ученици; претставници од институции; | / | Поддршка од страна на заедницата; подигање на јавната свест; |
| Изработка на портфолио | Промовирање на резултатите; | Наставници; ученици; | Јуни | Подигање на еколошката свест; |

Одговорен наставник: Габриела Апостоловска

ПРОГРАМА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ
(ПОВРЗУВАЊЕ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА)
**Училиште ОУ „Браќа Рамиз-Хамид“ Општина Шуто Оризари**
**Учебна година 2019/2020**
**(одделенсканастава)**

## I. ТЕМА: ВОДА

| | Еколошки содржини | Предмет | Одделение | Наставна содржина | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Значење на водата за живиот свет | Природни науки | I | Колку вода им е потребна на растенијата | 1 | Мај |
| | | Животни вештини | III | Работилница„Водење грижа за лична хигиена„ | 1 | Февруари |
| 2. | Извори на вода и нивна искористеност | Македонскијазик | III | Песна„Езерскаубавина“ | 1 | Декември |
| | | Природни науки | IV | Различни состојби на водата | 1 | Ноември |
| | | Ликовно образование | I | Сликање на тема ,,Бојата на езерата во мојата татковина” | 1 | Април |
